United Nations Educational, Scientific and Cultural Organization · UNESCO Chair in Intercultural Studies and Research · Faculty of Philosophy · Ss Cyril and Methodius University

Center for Intercultural Studies and Research

CISR Center for intercultural studies and research | Центар за интеркултурни студии и истражувања

Универзитет “Св. Кирил и Методиј"

Филозофски факултет

Катедра на УНЕСКО за интеркултурни студии и истражувања

Постдипломски студии по Меѓународни односи- Разрешување на конфликти, дипломатија и човекови права

Магистерска теза

# Придонесот на УНЕСКО и Програмата за менаџирање на социјални трансформации (МОСТ) кон одржливо градење мир

Ментор: проф. д-р Маја Геровска Митев кандидат: Никола Ѓошев

Скопје, 2019

## АПСТРАКТ

Главниот предмет на истражување во оваа магистерска теза се фокусира на улогата на УНЕСКО и Програмата за менаџирање на социјални трансформации и придонесот кои го имаат тие во одржливото градење на мирот и социјалната трансформација на општеството.

Во процесот на истражување главно применувам квалитативна стратегија на истражување, а воедно ќе го користам и пристапот понуден од ОЕЦД – Организација за економска соработка и развој, за мерење на придонесот на МОСТ програмата на УНЕСКО и друите МОСТ инструменти врз клучните елементи за градење на мирот. Прво користам анализа на содржината на примарните извори што доаѓаат во форма на достапни документи, конвенции, статии и слично. Во продолжение ја користам анализата на секундарните извори на податоци како што се бројните аналитички податоци, статистички податоци од претходно селектираните студии на случај. Истражувањето започнува со теоретски преглед на литературата, за да може да обезбеди дополнителни информации за Процесот на градење на мирот како и неговата имплементација и вклученоста на мноштвото на меѓународни институции во истиот. Подоцна ја објаснувам Програмата на ООН за менаџирање на социјалната трансформација со посебен осврт на МОСТ училиштата и лабораторијата за инклузивни политики на УНЕСКО, како и нивниот придонес во градењето на мирот и за одржливиот развој и социјалната трансформација на постконфликтното општество. Истражувањето се фокусира и на 2 ( две) студии на случај за МОСТ училишта од Таџикистан и Тајланд, 1 ( една ) студија на случај за работилница на тема Лабораторија за инклузивна политика која се одржа во Јужна Африка. Преку нив ја докажам важноста и улогата која ја имаат во процесот на социјална инклузија и социјална трансформација на едно општество и генерално улогата која ја има УНЕСКО во процесот на социјална трансформација и градење на мирот.

Во текот на моето истражување, голем простор во тезата посветувам и на МОСТ училиштата и Лабораториите за инклузивни политики на УНЕСКО и големиот придонес кои го имаат истите во процесот на развивање и имплементаця на инклузивни политики, продукција и размена на знаењето базирано на

истражувања и докази, како и придонесот кои го имаат врз развивањето на соработка помеѓу различните чинители во едно општество ( властите, граѓанскиот сектор, истражувачите ). Сето тоа со цел социјална трансформација во општеството, а и постигнување на глобалните цели за социјален развој од Агендата 2030. Истражувањето се фокусира и на улогата која ја има Програмата на УНЕСКО за менаџирање на социјални трансформации – МОСТ, во формирање на Националните Комитети на МОСТ во земјите-членки, со цел поттикнување на соработката помеѓу истражувачите, чинителите и носителите на одлуки, а несомнено ја докажам и потребата од формирање на Национален Комитет на МОСТ во Република Северна Македонија, кој понатака ќе даде огромен придонес за социјалната трансформација во сите области на државата, преземајќи ја улогата на критичен медијатор помеѓу институциите на системот.

Врз основа на целокупното истражувањето кое го спроведов во процесот на пишувањето на магистерската теза користејќи најразлични извори на податоци, на крај во заклучните согледувања ги издвојувам клучните факти кои ги докажуваат и објаснуваат хипотезите наведени во хипотетичата рамка на овој труд. МОСТ училиштата кои имаат за цел преку политиката на стекнување на знаења базирани на докази, да помогнат во процесот на едукација на чинителите и креаторите на јавните политики и нивно обогатување со цел подобро да ја разберат комплексноста на инклузивните процеси, активности и политики, со цел социјална транасформација и одржлив развој на општеството. Како и лабораториите за инклузивни политики кои всушност претставуваат иновативен инструмент за влијание врз социјалниот развој и иманентните политички агенди. На крај на овој магистерски труд препорачувам практиките и наодите од овој труд да се имплементираат и во Република Севрна Македонија која како членка на УНЕСКО од 28 јуни 1993 година треба да ги следи сите препораки на ООН и УНЕСКО, како и клучните пораки од МОСТ програмата за менаџирање со социјални трансформации од кои несомнено ќе има само бенефит за целокупното оштество.

**Клучни зборови:** Градење на мирот, УНЕСКО, социјална трансфирмација, социјална инклузија, МОСТ програма, МОСТ училишта, Лабораторија за инклузивни политики на МОСТ, Национален Комитет на МОСТ.

ABSTRACT

The main subject of research in this master's thesis focuses on the role of UNESCO and the Program for Managing of Social Transformations and the contribution they have in the sustainable peace building and social transformation of society.

In the research process, I mainly apply a qualitative research strategy, and at the same time I will use the approach offered by the OECD - Organization for Economic Cooperation and Development, to measure the contribution of the MOST program of UNESCO and other MOST instruments to key elements for peace building. First I use analysis of the content of primary sources that come in the form of available documents, conventions, articles. In the following, I use the analysis of secondary data sources such as numerous analytical data, statistics from previously selected case studies. The research begins with a theoretical review of literature in order to provide additional information on the Peace Building Process, as well as its implementation and the involvement of a multitude of international institutions in it. Later, I explain the UN Program on the Management of Social Transformation, with particular reference to MOST schools and the UNESCO Inclusive Policy Laboratory, as well as their contribution to building peace and to the sustainable development and social transformation of the post-conflict society. The survey also focuses on 2 (two) case studies for MOST schools from Tajikistan and Thailand, 1 (one) case study workshop on South Africa's Inclusive Policy workshop. Through them I prove the importance and the role they play in the process of social inclusion and social transformation of a society and, in general, the role that UNESCO has in the process of social transformation and peace building.

During my research, I am also devoting great space in the thesis to the MOST schools and the UNESCO Inclusive Laboratories and the great contribution they have in the process of developing and implementing inclusive policies, production and exchange of knowledge based on research and evidence, as well as the contribution they have on developing cooperation between different stakeholders in a society (authorities, civil society, researchers). All this in order to social transformation in the society, and to achieve the global goals for social development from the Agenda 2030. The research also focuses on the role of the UNESCO Program for the Management of Social Transformations - MOST, in the establishment of the National Committees of MOST

in Member States, in order to encourage cooperation between researchers, stakeholders and decision-makers, I am undoubtedly proving the need to establish a National Committee of MOST in the Republic of North Macedonia, which will continue to give huge contribution to social transformation in all areas of the country, taking on the role of a critical mediator between the institutions of the system.

Based on the overall research I conducted in the process of writing the master's thesis using various sources of data, in the end, in the concluding observations, I highlight the key facts that prove and explain the hypotheses stated in the hypothetical framework of this paper. MOST schools aiming through evidence-based knowledge-based learning policies to help in the education process of stakeholders and public policy makers and enrich them in order to better understand the complexity of inclusive processes, activities and policies in order to social tranformation and sustainable development of the society. UNESCO Laboratories for inclusive policies actually represent an innovative tool for influencing social development and immanent political agendas. At the end of this Master's thesis, I recommend that the practices and findings of this paper be implemented in the Republic of North Macedonia, which, as a member of UNESCO from June 28, 1993, should follow all recommendations of the UN and UNESCO, as well as the key messages from the MOST program, in the process of managing with social transformations which will undoubtedly have only benefit for the country.

Key words: Peace Building, UNESCO, Social Transformation, Social Inclusion, MOST Program, MOST Schools, MOST Inclusice Policy Labs, National Committee of MOST.

**Содржина:**

Апстракт....................................................................................................2

Содржина....................................................................................................6

Вовед и методолошки пристап...........................................................................7

1. Теоретски пристапи и концепти во однос на градењето на мир.......................16

1.1. Реалистички пристап кон градење на мир................................................21

1.2 Либерални пристапи кон градење на мир..................................................22

1.3 Трансформативни пристапи кон градење на мир.....................................23

1.4 Мултилатеризам, глобално социјално владеење и градењето на мир......25

1.5 Заклучни согледувања..............................................................................27

2. Придонесот на Организацијата на Обединетите Нации и УНЕСКО кон одржливо градење мир.....................................................................................30

2.1 Улогата и придонесот на УНЕСКО на глобално ниво........................................................................................................32

2.2 Улогата и придонесот на Програмата за менаџирање на социјални трансформации (МОСТ) кон одржливо градење мир.......................................48

2.3 Заклучни согледувања..............................................................................68

3. Студии на случај: МОСТ училишта и Лаборатории за инклузивни политики.....................................................................................................70

3.1. Мост училишта.......................................................................................70

31.1. МОСТ училиште во Душанбе, Таџикистан............................................76

3.1.2. МОСТ училиште во Бангког, Тајланд..................................................78

3.2 Лаборатории за инклузивни политика......................................................80

3.2.1 Работилница за Лабораторија за инклузивна политика во Дурбан, Јужна Африка.............................................................................................86

3.3. Национални комитети на МОСТ и негова имплементација во Република Северна Македонија.....................................................................................87

3.4. Заклучни согледувања..............................................................................90

4.Заклучок....................................................................................................93

5. Користена литература...............................................................................96

## Вовед и Методолошки пристап

УНЕСКО преку своите програми веќе долго време ја препознава вредноста и релевантноста на социјалната инклузија во обезбедувањето на одржлив и правичен развој на општеството, преку промовирање на борбата за родова еднаквост, заштита на човековите права и слободи и борба против секаков вид на дискриминација. Овие определби се основен столб и на Агендата за одржлив развој 2030 година на ООН, а особено се изразени и во милениумските цели (MDGs). Покрај тоа, преку програмата за управување со социјални трансформации (МОСТ), МОСТ училиштата и Лабараторијата за инклузивни политики, УНЕСКО ја конектираше и промовираше идејата за подобрување на развојната политика преку разбирањето и примената на социјалната инклузивност и социјалната трансформација на едно општество. Тука се гледа и улогата на УНЕСКО во процесот на Градење на мирот.

- **Дефиниција на проблемот**

Терминот градење на мирот се однесува на широк спектар на интервенции дизајнирани за градење на одржив мир и општествен равој. Истиот опфаќа постконфликтно градење на мирот, како и спречување од понатамошни конфликти. Сепак градењето на мирот вообичаено се дефинира на многу специфичен начин. Агендата за мир го дефинира градењето на мирот во едно постконфликтно општество како акција за идентификување и поддршка на структурите кои ќе имаат за цел да го зајакнат и зацврстат мирот, со цел да се избегне повторување и влошување на конфликтот.

Советот за безбедност на ОН ја прошири оваа дефиниција со опфаќање на широк спектар на политички, развојни, хуманитарни и програми за човекови права и механизми, кои се фокусираат на поттикнување на одржливи институции и процеси во области како што се одржлив развој, искоренување на сиромаштијата и нееднаквостите, транспарентно и одговорно управување, промовирање на демократијата, почитување на човековите права и слободи, како и владеење на правото и промоција на култура на мир и ненасилство.

Крајот на Студената војна и духот на соработка што преовладуваше во почетокот на 1990-тите во рамките на Советот за безбедност на Обединетите

Нации и овозможи на меѓународната заедница историска можност да одговори и интервенира во бројни насилни конфликти, а особено на внатрешните конфликти чиј број постојано се зголемуваше од крајот на Втората светска војна.

Обединетите нации (ОН), заедно со своите тела и посебните специјализирани агенции, се најдоа во срцето на исклучително предизвикувачки процес на развивање на нови алатки за одговор и справување со кризни (конфликтни) ситуации. Истите доведоа до воспоставување на нови структури и механизми во рамките на системот на ОН во областа на спречување на конфликти, миротворство, мировни операции и хуманитарна помош и асистенција за жртвите од конфликтите. Во исто време, концептот на градење на мирот се појави како комбинација од напори од страна на најразлични актери за да им се помогне на страните од конфликтот да избегнат влошување на конфликтната ситуација, како и поставување на услови кои ќе бидат од полза за градење и воспоставување на одржлив мир. Затоа градењето на мирот беше идентификувано како општа рамка во која треба да се вклучат надворешната асистенција и помош од страна на меѓународната заедница за постконфликтните земји и општества, опфаќајки го притоа мировниот аспект, хуманитарната помош и развојната сорботка, а со цел целосна социјална трансформација на постконфликтните општества.

Социјалната трансформација влијае на сите видови на општества без разлика дали истите се наоѓаат во подобро развиени или во помалку развиени региони, и тоа во контекст на глобализација на економските и културните односи, трендови за регионализација и појавата на различни форми на глобално владеење.

Глобализацијата води до нови форми на социјална диференцијација на меѓународно и национално ниво. Поларизацијата помеѓу богатите и сиромашните, како и социјалното исклучување се проблеми кои влијаат на повеќето земји, како и на односите меѓу нив.

Една од позначајните организации- специјализирани агенции кои се под чадорот на Обединетите нации (ОН), што е активно вклучена во процесите на социјалната трансформација на постконфликтните општества е и УНЕСКО – Организација за образование, наука и култура на ООН со седиште во Париз,

Франција, чија основна цел е преку своите програми и активности да придонесува за мирот и стабилноста, промовирајќи соработка меѓу нациите преку образованието, науката и културата како метод за подобрување на универзалното почитување на правдата, законите, човековите права и основната слобода.

Програмските приоритети на УНЕСКО веќе долго време ја препознаваат вредноста и релевантноста на социјалната инклузија во обезбедувањето на одржлив и правичен развој, промовирање и заштита на човековите права и родовата еднаквост и борба против сите форми на дискриминација. Како што е наведено во Агендата за одржлив развој на ОН 2030, јасно е дека оваа приоритизација исто така ќе претставува основен столб за одржлив развој преку заеднички активности на ОН во текот на следните петнаесет години, особено преку целите за одржлив развој (SDGs). Покрај тоа, преку соработка со релевантни субјекти на Обединетите нации и преку програмата за управување со социјални трансформации (МОСТ), УНЕСКО ја промовираше социјалната инклузија како меѓусекторска референца за подобрување на политиката за развој.

МОСТ е меѓувладина научна програма на УНЕСКО за социјални трансформации, која работи со владите, социјалните и хумани научни заедници и граѓански општества за да ги подобри врските помеѓу знаењето и акцијата, врските кои се клучни за позитивните општествени промени. Во рамките на целите за одржливиот развој на Обединетите нации, МОСТ придонесува за развојот, за искоренување на сиромаштијата, за инклузивни и одржливи одговори кон промените на животната средина и за промовирање на инклузивно, ефективно и одговорно управување, како и за постигнување на глобалните приоритети на УНЕСКО: Африка и родова еднаквост.

МОСТ ги поддржува земјите-членки во подобрувањето на процесот на креирање политики преку унапредување на истражувачката политика и користи знаења фокусирани на човековите потреби од општествена и хуманистичка природа, како и се залага за промовирање на култура на донесување одлуки врз основа на докази.

Мост програмата содржи 3 (три) оперативни столбови:

- Истражувачкиот столб- работи во тесна соработка со Научно-советодавниот комитет и ги вмрежува општествените науки и човековите заедници со цел да произведе, систематизира и промовира инклузивен и отворен пристап до знаењето преку поттикнување на интердисциплинарниот пристап- одржливост на науката; како и промовира размена на знаења и искуства од повеќе засегнати страни преку своите публикации и документи.
- МОСТ меѓувладини форуми, преку кои се овозможува на земјите членки да обликуваат меѓународни агенди и притоа и да развијат техничка основа за да одговорат на истите.
- Поддршка на политиките и градење на капацитетите- преку МОСТ училиштата, лаборатории за писменост, лабораторија за инклузивни политики и МОСТ Директ кои вклучуваат работа со одделни земји-членки и специфични научни заедници за да ги внесат резултатите од МОСТ во националната дебата и креирањето на политиките.

<u>МОСТ училиштата</u> преземаат активности за градење на капацитети, фокусирани на зајакнување на надлежностите на земјите-членки во донесување на одлуки базирани на факти и докази. Тие помагаат да се развие капацитетот на истражувачите и носителите на одлуки да го преточат знаењето во акција. Нивната примарна цел е поддршка на долгорочен одржлив развој. Сесиите за обука се засновани врз основа на bottom-up потребите на одредени групи главно во земјите со низок и среден приход. МОСТ училиштата придонесуваат за зголемување на бројот на квалификувани млади професионалци од различно потекло (академија, влада и граѓанско општество). Ова е уште еден начин преку кој МОСТ програмата помага да се зајакне истражувачката политика во контекст на Меѓународната агенда за развој во 2030 година. МОСТ училиштата се базираат на 4 (четири) принципи: флексибилност, висок квалитет, споделување и ширење на знаењето и национална сопственост.

<u>Лабораторија на инклузивни политики</u>- овозможува ко-креација на знаењето и негова трансформација и преточување во инклузивни политики и долгорочни стратегии. Таа има за цел да ја поддржи имплементацијата на целите за одржлив

и инклузувен општествен развој преку политика и пракса. Лабораторијата работи во 3 (три) насоки комбинирајќи работа на терен со онлајн и веб-вклучени процеси во преку 11 земји од 4 региони како што се Централна Америка, Југоисточна Азија, Западна Африка и Јужна Африка.

Насока 1- операционализирање на инклузивни политики.

Насока 2- користење на знаења и експертизи произлезени од народот.

Насока 3- промовирање на политики, практики и адвокатура.

- **Специфична област на истражување**

Специфичната област на истражување ке биде фокусирана на придонесот на УНЕСКО и Програмата за менаџирање на социјални трансформации- МОСТ кон процесот на градење на мирот во постконфликтните општества. Поконкретно, би анализирал два аспекти на делување на оваа програма и тоа преку: МОСТ училишта и лабораторија на инклузивни политики. Притоа ќе ја потенцирам важноста од инкорпорирање на социјалниот аспект во процесот на градење на мирот во постконфликтните општества, кој не ретко се занемарува.

Горенведеното го презентирам преку искористување и употреба на примарни и секундарни извори на податоци веќе прикажани од останати истражувачи, кои веќе со своите истражувања придонеле во збогатувањето на знаењето за оваа тема, а воедно и го анализирам придонесот кој го има МОСТ програмата на УНЕСКО преку Лабораторијата за инклузивни политики и МОСТ училиштата и нејзиниот импакт и придонес кон процесот на градење на мирот и социјалната трансформација во постконфликтните општества.

Истражувањето го започнувам со концептот на градење на мирот кој опфаќа постконфликтно градење на мирот, како и спречување од понатамошни конфликти како акција за идентификување и поддршка на структурите кои имаат за цел да го зајакнат и зацврстат мирот, со цел да се избегне повторување и влошување на конфликтот. Продолжувам со потенцирање на важноста од придонесот на УНЕСКО и неговата програма за менаџирање на социјални трансформации МОСТ и детално анализирам студии на случај за 2 ( две) МОСТ

училишта во Таџикистан и Тајланд, 1 ( една ) студија на случај за работилница на тема Лабораторија за инклузивна политика која се одржа во Јужна Африка. МОСТ училишта одржани во 2018 и 2019 година, првото на тема: "Миграција кај младите –проблеми и решенија", одржано во Душанбе Таџикистан, во март 2019 година и второто на тема: "Рурална одржливост" одржано во јануари 2018 година во Бангкок, Тајланд. Притоа го анализирам импактот на МОСТ училиштата врз развојот на капацитетот на истражувачите и носителите на одлуки да го преточат знаењето во акција. Нивната примарна цел е преку фокус и поддршка за зајакнување на капацитетот на земјите членки да се дојде до долгорочен одржлив општествен развој и придонес во градење на мирот и социјална трансформација.

Како втора главна компонента која ја анализирам е лабараторијата за инклузивни политики на УНЕСКО, чија основна цел е поддршка на имплементацијата на целите за одржлив и инклузувен општествен развој, преку преточување и трансформација на знаењето во инклузивни политики и стратегии. Во процесот на мојата истражувачка дејност за конкретната теза, правам целосна анализа на аналитичката рамка на дизајнот на инклузивната политика и придонесот кој го има лабораторијата за инклузивни политики кон растечката глобална нееднаквост на повеќе полиња. Овде ќе го анализирам и on ground work пристапот и онлине активностите на Програмата на УНЕСКО, притоа земајќи ги како студија на случај регионите на Југоисточна Азија, Централна Азија и Јужна Африка..

Истражувањето на УНЕСКО и неговата програма преку МОСТ училиштата и лабораторијата за инклузивни политики ќе ни даде одговор за придонесот кои истите го имаат во процесот на градењето на мирот преку социјалната инклузија и трансформација и инклузивни политики, а и ќе се потенцира и улогата која ја имаат националните институции во однос на ова прашање. Во процесот на истражување ги дефинирам и теоретските аспекти, теории и поими. На овој начин давам одговор на многу прашања како што се:

- Како и на кој начин Програмата на УНЕСКО за менаџирање на социјални трансформации МОСТ има влијание и придонесува кон процесот на градење на мирот?

- Како и на кој начин МОСТ училиштата придонесуваат во процесот на градење на мирот и социјалната трансформација на едно постконфликтно општеството?
- Каков е придонесот на лабораторијата за инклузивни политики во процесот на градење на мирот и имплементацијата на SDG целите?
- Која е генералната придобивка од МОСТ училиштата?
- Која е придобивката на регионот на Централна и Југоситочна Азија, како и на Јужна Африка од МОСТ училиштата и инклузивната лабараторија?
- Која е придобивката од Националните Комитети на МОСТ за општеството?

Од насловот на овој елаборат можеме да заклучиме дека УНЕСКО и МОСТ програмата (вклучително и училиштата и лабаратотијата) се независна варијабила, а додека придонесот кој тие го имаат кон процесот на градење на мирот и придобивките кои ќе ги имаат регионот и одредени држави се зависна варијабила.

- **Цели на истражувањето**

Главен фокус и цели на истражувањето ќе бидат придонесот на Програмата за менаџирање на социјалната трансформација МОСТ, МОСТ училиштата и лабораторијата за инклузивни политики кон процесот на градењето на мирот. Истражувањето ги анализира МОСТ училиштата и Лабораторијата за инклузивни политики, преку најразлични меѓународни и национални документи, белешки, резолуции и истражувања од останати експерти во однос на ова прашање, а воедно и ќе овозможи научно опишување и докажување на придонесот на УНЕСКО, МОСТ програмата и училиштата и инклузивните лабаратории во процесот на градењето на мирот и имплементацијата на SDG целите.

Од теоретски аспект процесот Градење на мирот е објаснет со мноштво од дефиниции, бидејќи нема една заедничка прифатена дефиниција за Градење на мирот, особено кога истиот процес се проучува од социјален аспект и природа на истражувачкото прашање. Но сите тие дефиниции одговараат на горенаведеното истражувачко прашање.

Практичните термини на истражувањето ќе бидат фокусирани на тоа како МОСТ програмата на УНЕСКО ги регулира и воспоставува Мост училиштата и лабораториите за инклузивна политика генерално.

За овој дел на истражувањето ќе искористам повеќе аналитички податоци од извештаите кои ги има УНЕСКО, Стратегијата на ООН за имплементација на SDG целите и мноштво на документи, официјални извештаи и белешки.

- **Хипотетичка рамка**

Хипотезите кои ќе бидат употребени во ова истражување се:

❖ Генерална хипотеза: УНЕСКО Програмата за менаџирање на социјални трансформации (МОСТ) влијае врз клучните елементи за одржливо градење мир во постконфликтни општества.

Специфични хипотези:

➢ МОСТ училиштата на УНЕСКО влијаат врз зајакнување на клучните вештини неопходни за градењето на одржлив мир.
➢ МОСТ училиштата придонесуваат за социјална трансформација во постконфликтни општества преку спојување на истражувањата (науката) и праксата и преку соработка меѓу креаторите на политиките и практикантите.
➢ Лабораторијата за инклузивни политики на УНЕСКО претставува иновативен инструмент за влијание врз социјалниот развој и иманентните политички агенди.
➢ Примената на МОСТ Програмата на УНЕСКО во Република Северна Македонија може да ги зајакне критичните капацитети за реконсилијација и одржлив мир.

Индикатори кои ги користам за мерење на истражувачките резултати, се бројните извештаи, документи и белешки на УНЕСКО, официјални документи од националните институции, статистички и аналитички податоци, артикли и извештаи од останати меѓународни организации.

Други релеванти индикатори се статистички податоци за економскиот раст, за вклученоста на луѓето во разни процеси во конкретните земји на истаржување и

во исполнувањето на Стратегијата на ООН за SDG целите и податоците дали се намалува растечкиот диспаритет, хоризонтален и вертикален помеѓу различните општествени групи.

- **Методологија на истражување**

Во процесот на истражување главно ја применувам квалитативна стратегија на истражување, а оттука и bottom-up пристапот.

Прво ја користам анализа на содржината на примарните извори што доаѓаат во форма на достапни документи, конвенции, статии и слично. Во продолжение ја користам анализата на секундарните извори на податоци како што се бројните аналитички податоци, статистички податоци од претходно селектираните студии на случај.

Истражувањето започнува со теоретски преглед на литературата, за да може да обезбеди дополнителни информации за Процесот на градење на мирот како и неговата имплементација и вклученоста на мноштвото на меѓународни институции во истиот. Подоцна ја објаснувам Програмата на ООН за менаџирање на социјалната трансформација со посебен осврт на МОСТ училиштата и лабораторијата за инклузивни политики на УНЕСКО, како и нивниот придонес кон градењето на мирот и за одржливиот развој и социјалната трансформација на постконфликтното општество.

Дискутирам, употребам и анализирам неколку студии на случај за некои примери за тоа како МОСТ програмата со училиштата и лабораторија за инклузивни политики влијае врз социјалната трансформација на општеството и градењето на мирот.

Преку дадените примери, истражувачката студија ќе ги тестира горенаведените хипотези и ќе се обиде да докаже дали се точни или не.

## 1. Теоретски пристапи и концепти во однос на градењето на мир

*“Ако цивилизацијата треба да преживее, мораме да ја развиваме науката за човечките односи - способноста на сите народи, од сите видови, да живеат заедно и да работат заедно во истиот свет, во мир ". - Френклин Д. Рузвелт 1945 година*

Многу актуелни литератури ја следат историјата на градењето на мирот и истакнуваат дека иако генерално се смета дека е ново поле и нов термин, генезата на градењето на мирот се рефлектира во постарите напори за помош на соседите во меѓународните односи. Во однос на неговата современа артикулација, градењето на мирот има свое потекло во концептот на хуманитарниот интернационализам.

Крајот на Студената војна отвори простор за хаос и конфузија но и нови аспекти во меѓународните односи, рушејќи ја хегемонијата на големите суперсили и обезбеди отварање на нови можности и начини за спречувае на земјите да не влезат повторно во конфликт, но и да работат на изградба на мирни и поотпорни и општества.

Како прва публикација во светската литература која го третира прашањето за градење на мирот е документот издаден од страна на генералниот секретар на ООН, Бутрос Бутрос-Гали во 1992 година – “Агендата за мир”.

Документот ја редефинира улогата на Обединетите нации во периодот по Студената војна. Второ, како и воспоставувањето на принципите за хуманитарна интервенција во периодот по Студената војна.

Отсуството на насилството е она кое што е потребно и е основа за започнување на нов и нормален човечки живот. Обезбедувањето на основните човекови права и слободи на своето население, обезбедувањето на јавна безбедност и физички мир се основни задачи и цели на секоја демократска Влада, а сето тоа до степен до кој тоа нема да им наштети на другите.

Основните задачи за одржливо постконфликтно градење на мирот, безбедноста и слободата бараат меѓународна акција. Тоа значи реконструкција на една земја

опустошена од голем вооружен конфликт, со деструктивно влијание и ефекти врз нејзините институции, население и економија.[1]

Во овој контекст се развиени голем број на дебати за градење на мирот, каде се зборува за земјите кои биле долго време во конфликт и што всушност меѓународната заедница прави и какви акции и политики креира и презема за да се надмине конфликтот и да се трансформира општеството.

Една од најважните работи што се дебатираат е комплексноста на ова прашање. Тука градењето на мирот се дефинира како сложена операција која треба да тргне прво од тоа како функционира самиот концепт на градење на мирот на различни нивоа, за потоа да се пристапи кон дизајнирање на проект за градење мир помеѓу двете општоприфатени екстреми на ова прашање, како што е негативниот и позитивниот мир.

Централни проблеми и предизвици во една постконфликтна реконструкција се недостаток на функционална влада и колапс на владеењето на правото на дел од територијата на државата или на ниво на цела држава.

Ефектот на неефективни и проблематични држави е најмногу изразен во поголемиот дел на Африка, регионот на Кавказ, Југоисточна Европа, Југоисточна Азија, Блискиот Исток, Латинска Америка, Пацификот и Карибите.

Намалувањето, односно целосното уништување на ризиците за враќање на земјата во насилен воен конфликт е една од главните цели за Процесот на одржливо градење на мирот. Потребно е интензивно вклучување на меѓународната заедница со сите нејзини институции, механизми и програми за социјална трансформација спроведена преку државните, локалните институции и меѓународните и локални неладини организации.

---

[1] Joris Voorhoeve (2007 ) 'From War to the Rule of Law' 19-25, Amsterdam University Press

Пред да ги наведам главните елементи за одржливо градење на мирот, би сакал да наведам дека не постои универзално прифатен пристап за тоа кои се клучните елементи на градењето мир, а во продолжение издвојувам и неколку различни пристапи.

Главните елементи на одржливо градење на мирот се:

- воспоставување безбедност,
- обновување на владините институции,
- (повторно) започнување на владеењето на правото,
- сеење на семето на демократијата и социо-економска рехабилитација и развој.

Градењето и воспоставување на нов правен поредок во една држава е процес кој во себе содржи повеќе чекори. Првиот чекор е разоружување и демобилизација на завојуваните страни во кој активно учествуваат меѓународните институции со своите мировни сили. Потоа следува уништување на паравоените сили и реинтеграција на борците во регуларните безбедносни сили (војската и полицијата) на државата, а притоа почитувајќи ги законите и владеењето на правото на државата. Со тоа го зголемува чуството на безбедност и верба во иднината на самата држава како и интензивирање на демократските процеси во сите области на државата и целокупна социјална трансформација на општеството.[2]

Самиот напредок на демократијата во една држава е видлив доколку постои спроведување на слободни локални, регионални и национални избори, апсење и судење на лица кои за време на воениот конфликт оствариле воени злосторства и доколку постои јако и независно јавно обвинителство во државата.

Легитимниот правен поредок, ефикасни и некорумпирани институции во државата со јасно дефинирани овластувања без злоупотреба на моќта, а притоа

---

[2] Pouligny, B. Civil Society and Post-Conflict Peace Building http://www.ceri-sciences-po.org/cherlist/pouligny.htm

признати од населението, како и постоење на независен правосуден систем и независни медиуми се основа за воспоставување на трајниот внатрешен мир.

Процесот на градење на мирот бара трпеливост. Инстант решенија се невозможни. После десетнеделна воена интервенција, често е потребен период од 10 години активности во процесот на градење на мирот и целокупна трасформација на едно општество, преку воведување на мировни сили во самата држава, имплементирање на голем број програми за социјална трансформација на општеството, политичко и економско заздравување на државата.

Земјите се склони што побрзо да ги повлечат своите мировни сили поради заштита на животот на своите војници, како и за намалување на трошокот на овие операции, кои се доста скапи по својата природа. Но сепак меѓународните сили често остануваат клучни за стабилизирање на земјата.

Меѓународната заедница присутна со своја мировна мисија во конкретна држава организира и спроведува обука и поддршка за новата безбедносна структура на државата, каде се префрлаат безбедносните задачи од воена во цивилна контрола. Битен е фактот да се постигне домашна сопственост на безбедносната сфера и со самото тоа да се намали интензитетот на критиката кон меѓународната заедница дека е окупаторска сила со своите мировни сили.[3]

**Според Смит (2004)** градењето на мир мора да се засновува на следните четири елементи[4]:

- безбедност;
- социо-економска основа за долгорочен мир;
- политичка рамка за дологорочен мир;
- помирување.

---

[3] UNDP Discussion paper, 'Local Governance, peace building and state building in post-conflict settings', UNDP

[4] Smith, Dan (2004) "Towards a Strategic Framework for Peacebuilding – Getting Their Act Together: Overview of the Joint Utstein Study of Peacebuilding", Commissioned by the Royal Norwegian Ministry of Foreign Affairs, PRIO-International Peace Research Institute, Oslo, April, p. 14.

Процесот на градење на мирот мора да биде одговорно спроведен и потребно е да се прилагоди на новонастанатите услови и барања, а сето тоа со цел да биде самиот процес на градење на мирот одржлив. Одржливиот мир е возможен само врз основа на одржлив напор кој трае една деценија или повеќе.

**Според ОЕЦД** [5]- Организација за економска соработка и развој, структурното градење на мир видено како превентивна стратегија на превенција од конфликти вклучува учество на сите актери, како локални, владини, меѓународни во демократското градење на институциите, градење на врските во општеството, намалување на предрасуди, уредување на споделувањето на власта, намалување на социјалните и економските нееднаквости, промоција на владеење на правото, реформа на сигурносниот сектор, образование и др.

***Напоменувам дека во процесот на моето истаржување како најпогоден го користам пристапот понуден од ОЕЦД – Организација за економска соработка и развој, за мерење на придонесот на МОСТ програмата на УНЕСКО и друите МОСТ инструменти кон клучните елементи за градење на мирот.***

Согласно општоприфатената литераура во областа на Градењето на мирот, објаснувам некои од главните теоретски пристапи кои главно се насочени кон праксата за градење на мирот, како што се: реализам, либерализам и трансформативен пристап и мултилатеризам.

[5] OECD (2007) 'Encouraging effective evaluation of conflict prevention and peacebuilding activities - Towards DAC Guidance' p.22

## 1.1 Реалистички пристап кон градење на мир

Реализмот на полето на меѓународните односи ја имаше својата доминација во 1930-тите, 1940-тите и 1950-тите. Теоријата на реализам може да има одредена перспектива во однос на задачите на градење на мирот. Овој аргумент произлегува во причините за конфликтот и во реалистичката теорија на меѓународните односи. Томас Хобс вели дека постојат три основни мотиви за вооружени конфликти. Тоа се страв, чест и интерес. Согласно него акциите кои би се преземале во процесот на градење на мирот од страна на меѓународната заедница би требало да бидат базирани врз основа на овие три главни причини како најреални.

Но сепак основното прашање е, кога е вистинско време да се интервенира. Ако се разгледува времето на интервенција, тогаш прашањето за вистинскиот момент за интервенција е од фундаментално значење. Вилијам Зартман (2005) е најистакнат автор во оваа област. Тој се фокусира на прашањето како да ја направи таа пресметка за тоа кога да се интервенира. Зартман тврди дека интервенцијата е соодветна токму во тој момент кога страните се во ќор-сокак. Моќните земји во светски рамки се еден од главните политички и воени актери на интернационално ниво согласно овој реалистички пристап. Како таква ја гледа ситуацијата кога двете страни од еден конфликт се во ќор-сокак и се одлучува дали да се отпочне со негативна или позитивна интервенција, со цел да им се посочи на страните дека неможат да извојуаат победа, а притоа употребувајќи политика на воени, политички и економски санкции.

Реализмот направи вистински придонес во полето на градење на мирот и во делот на укажувањето дека на глобално ниво војните се многу скапи. Војните не се добри за земјите, бидејќи тие не помагаат на својот народ и на нивните економии. Всушност реалистичкиот пристап не очекува дејство од локалната власт, туку укажува на тоа дека локалното население треба да се искористи во етаблирањето на централната власт.

## 1.2 Либерални пристапи кон градење на мир

Аргументот за либералниот мир е доминантен дел од теоријата и практиката на градење на мирот од средината на 1990-тите до денес. И покрај промовирањето на литература од областа на пост-либерален мир (Ричмонд и Телидис, 2012), сепак во идеите за градење на мирот доминира либералната мировна идеологија.

Идејата за либерален мир е застапена во литаратурата на Емануел Кант според кого идејата за вечен мир има две компоненти. Во првата компонента се согледува идејата да се добие меѓународна заедница заснована на принципите на федералниот републиканизам, што значи да се има федерација на нации, кои се раководени од републиканскиот принцип врз база на волјата на народот, каде демократијата не е нужна поради фактот што според него луѓето ја обезбедуваат основата за суверенитет.

Во втората компонента Кант го внесува моментот на гостопримство. Тој укажува на фактот дека секоја од овие републики треба да има капацитет да искажува гостољубивост кон странците. Со други зборови, републиките треба да развијат алтруистички капацитети и тенденции, како аргументи за либералниот мир.

Но со цел да се обогати нашето познавање за оваа област ги искористам фактите од статијата на Мајкл Дојл (2005) за трите столба на либералниот мир. Тоа се: републиканска застапеност, човекови права и транснационална меѓузависност. Принципите на републиканска застапеност се она што треба да го постигнеме за да се обезбеди мир на меѓународно ниво, да се почитуваат човековите права и разбирање на транснационалната меѓузависност. Со други зборови, ние треба да разбереме дека сите нации во светот се поврзани преку врски на меѓузависност и дека она што се случува во една нација ќе има влијание врз соседните држави.

Во овој период бевме сведоци на групирања на државите во регионални организации, со што заклучуваме дека паралелно на процесот на либерализам, се одвиваше и процесот на интернационализација која суптилно беше наметната од западните сили.

Всушност можеме да напоменеме дека аргументот за либералниот мир се поврзува со она што се нарекува аргумент за демократски мир. Но постои голема

разлика помеѓу двата аргумента. Либералниот аргумент за мир е многу поширок и се однесува на ширење на либералните вредности и институции, а додека пак демократскиот е поспецифичен. Овој принцип се темели и укажува на фактот дека демократските држави не одат во војна со други демократски држави. Значи не се вели дека воопшто не одат во војна, туку дека само не одат во војна со други демократски држави.

Либералното градење на мирот е критикувано врз основа на емпириски и нормативни ставови. Критиката е во делот на фактот дека либерлниот пристап продуцира хиерархија на моќта во постконфликтните општества преку давање на предност на демократизацијата и маркетингот како форма на организирање постконфликтни општества. Овие структурни ограничувања ги влошуваат проблемите на неолибералните економски политики во постконфликтните општества и неизбежно промовираат услови и можности за нов конфликт.

Критиката се согледува и во фактот дека либералното градење на мирот е само продолжување на потребите и интересите на либералниот, неолибералниот или био-политичкиот капитализам на Западот насочени кон дисциплинирање на сиромашните, наместо да ги трансформираат нивните услови притоа зголемувајќи ја разликата помеѓу развиениот и светот во развој.

Но и покрај гореспоменатите критики, либералниот пристап останува доминантна и референтна рамка во актуелната практика на градење на мирот од страна на државите, регионалните организации и невладините организации.

### 1.3 Трансформативни пристапи кон градење на мир

Трансформативниот пристап за градење на мирот во суштина повеќе се фокусира на позитивниот мир отколку на негативниот. Тој ги оспорува либералните и реалистички пристапи за градење на мирот за нивниот неуспех да ги ориентираат процесите и активностите кон локалните актери и кон нивните интереси, идентитети и потребите. Всушност го потенцира фактот дека не смее да се наметнуваат работи и одлуки врз некого без нивна согласност и учество, дури и ако тоа доаѓа од меѓународни и мултинационални актери.

Трансформативниот мир вклучува широк спектар на димензии на градење на мирот. Тој вклучува промени во личните, структурните, релационите и културните односи на различните системски нивоа. Џон Пол Ледерач (1997) е еден од главните поддржувачи на трансформативниот пристап кон градење на мирот според кого градењето на мирот е долгорочен трансформативен придонес кон општествените промени. Џон Пол Ледерач во конфликтните општества разделува 3 ( три) нивоа на актери. Ниво 1 –Топ лидертсво Ниво 2- средна класа лидерство и Ниво 3 - локално лидерство. Истото го објаснувам подетално во следната табела:

Табела 1: Три нивоа на актери за трансформативното градење на мир

| Нивоа | Тип на актери | Пристапи за градење на мирот |
|---|---|---|
| Ниво 1 | 1. Воени лидери<br>2. Политички лидери<br>3. Верски лидери | 1. Се фокусираат на преговори на високо ниво.<br>2. Бараат прекин на огнот.<br>3. Предводени од високо рангиран медијатор. |
| Ниво 2 | 1. Етнички / религиозни лидери<br>2.Академици и интелектуалци<br>3. Хуманитарни лидери<br>4. НВО | 1. Работилници за разрешување на конфликти.<br>2. Тренинзи за разрешување на конфликти.<br>3.Комисии за мир.<br>4. Внатрешни тимови. |
| Ниво 3 | 1.Локални лидери<br>2. Лидери на бегалски кампови<br>3. Лица задолжени за управување со здраствените политики.<br>4. Лица задолжени за локален развој. | 1.Локални комисии за мир.<br>2. Локални тренинзи<br>3. Намалување на предрасудите.<br>4.Психо-социјална работа за пост воената траума. |

Извор: John Paul Lederach, Building Peace: Sustainable Reconciliation in Divided Societies (Washington, D.C.: United States Institute of Peace Press, 1997), 39

Информациите во Табела 1 покажуваат различни пристапи кон градење на мирот кои се потребни на различни нивоа во трансформативниот пристап. Всушност современото градење на мирот вклучува реконструкција на државните институции, либерализација на економските политики, владеењето на правото,

реформи во безбедносниот сектор, одржување на демократски избори, а како битен фактор е и работата на НВО секторот во процесот на градење на мирот во едно постконфликтно општетсво и негова социјална трансформација.

### 1.4 Мултилатеризам, глобално социјално владеење и градењето на мир

Мултилатеризмот како правец во литературата за градење на мирот се сретнува од 2010 година па навака. Според литератирата, мултилатеризмот укажува на фактот дека поради сложените конфликтни средини, поединечните актери не можат самостојно да ги постигнат целите за мир и безбедност.

Всушност меѓународните организаци како што е Европската Унија се залагаат за ефективен мултилатеризам во процесот на решавање на одредени безбедносни и мировни прашања, цели и предизвици. Органзациите преземаат низа на заеднички операции со цел надминување на предизвиците од комплексни конфликтни средини. Воедно овој принцип ја истакнува и важноста од соработката на ООН и регионалните организации, кои преку таа соработка добиваат на легитимност и поддршка од ООН.

Предизвици со кои се соочува овој правец на мултилатерален пристап за градење на мирот се согледуваат во ефективната координација на терен, без разлика што има добра институционална соработка на највисоко ниво.

Воедно експертите од овој правец посочуваат дека постојат тензии во односите меѓу ООН и регионалните организации, особено со Африканската унија. Тука е и селективноста на Европската Унија во однос на својата поддршка за мултилатералните операции и дека нејзиниот недостиг на персонал во мировните операции на ОН ја поткопува одржливоста на меѓуинституционалната врска. Како важен предизвик е и самото споделување на чуствителните информации. Тука би го напоменал и предизвикот на недоволната координација и соработка помеѓу ООН и НАТО. Сите овие предизвици произлегуваат од разликите во културата на организациите, интересите и правилата за планирање и меѓуинституционално ривалство,

конкуренција и недоразбирање околу мандатите и улогите, а сето тоа ја отежнува кординацијата и соработката.

Како еден од експертските коментари би го издвоил и следното дека на мултилатералниот систем му треба време да се избори и прилагоди на променливиот контекст на глобалниот конфликт.

Мултилатералниот систем дава придонес и игра значајна улога во неколку области, како што се:

- миротот и безбедноста;
- превенција и одговор на кризни ситуации;
- превенција на конфликт.

Всушност придонесот кој го има мултилатералниот систем во однос на градењето на мирот и безбедноста на светско ниво, се согледува во фактот што овозможува соработка и кохерентност помеѓу светските мултинационални институции како што се Европската Унија, ООН, НАТО. Таа соработка се согледува во самиот процес на воспоставување на мировните мисии, во планирањето и имплементацијата на координирани акции во одредени конфликтни региони, како што беа мисиите во Чад и Косово. Во однос на превенцијата и одговорот на разни кризни ситуации одговор на тоа дава мултилатралниот пристап преку соработката која ја нуди помеѓу ООН и регионалните институции, преку одредени активности на терен и координација на истите, а сето тоа спроведено под чадорот на ООН.

Воедно и покрај општо прифатениот став дека помеѓу ООН и НАТО постои недоволна соработка поради различните агенди, сепак овој мултилатерален пристап овозможува подобрување на соработката помеѓу овие 2 глобални пактови, во делот на одржувањето на меѓународниот мир и безбедност преку разни активности за превенција на конфликти. Тоа овозможува се поинтензивно и почесто испреплетување на нивните политички агенди, како што беше со примерот  на Босна и Херцеговина и Авганистан.

### 1.5 Заклучни согледувања

Согласно општоприфатената литераура во областа на Градењето на мирот, објаснувам некои од главните теоретски пристапи кои главно се насочени кон праксата за градење на мирот, како што се: реализам, либерализам и трансформативен пристап и мултилатеризам. Напоменувам дека во процесот на моето истаржување како најпогоден го користам пристапот понуден од ОЕЦД – Организација за економска соработка и развој, за мерење на придонесот на МОСТ програмата на УНЕСКО и друите МОСТ инструменти врз клучните елементи за градење на мирот. Според ОЕЦД струкурното градење на мир видено како превентивна стратегија на превенција од конфликти вклучува учество на сите актери, како локални, владини, меѓународни во демократското градење на институциите, градење на врските во општеството, намалување на предрасуди, уредување на споделувањето на власта, намалување на социјалните и економските нееднаквости, промоција на владеење на правото, реформа на сигурносниот сектор, образование и др.

Во процесот на разгледување и истражување на пристапите за градење на мирот и процесите и активностите кои се објаснети во тие истражувања, согледав и одредени слаби страни на горенаведените теориски пристапи кон градење на мирот.

- Како слаба страна на реалистичкиот пристап е потенцирањето и концентрацијата на моќта, принудата, угнетувањето и експлоатацијата, а и приоретизирање на градењето силни држави, наместо отворено, партиципативно управување и општествена трансформација.
- Како слаба страна на либералните пристапи би го посочил обидот да се репродуцираат хиерархиите на моќта, што се својствени на структурните ограничувања на неолибералните пазарни односи, како што е давањето предност на демократизацијата и маркетингот како форма на организирање на постконфликтни општества, а воедно и поради тоа што во процесот на либералното градење на мирот се посветува повеќе внимание за потребите и интересите на либералниот, неолибералниот или биополитичкиот капитализам на Западот.

- Како слабост која би ја потенцирал за трансформативниот пристап е недостатокот на анализа на моќ, како и недоволна поддршка за локалните идери, лицата задолжени за управување со здраствените политики, како и за лицата задолжени за цдлокупниот локален развој.
- Како главна слабост кај мултилатеризмот би ја посочил недоволната координација и селективноста големите меѓународни институции. Селективноста на Европската Унија во однос на својата поддршка за мултилатералните операции и дека нејзиниот недостиг на персонал во мировните операции на ОН ја поткопува одржливоста на меѓуинституционалната врска. Како важен предизвик е и самото споделување на чуствителните информации. Тука би го напоменал и предизвикот на недоволната координација и соработка помеѓу ООН и НАТО. Сите овие предизвици произлегуваат од разликите во културата на организациите, интересите и правилата за планирање и меѓуинституционално ривалство, конкуренција и недоразбирање околу мандатите и улогите, а сето тоа ја отежнува кординацијата и соработката.

Согледав дека со императивот на политичката димензија во процесот на одржливо градење на мирот, меѓународните медијатори честопати ги занемаруваат социјалните права.

Реформата на социјалната политика е од витално значење за успешна трансформација на општеството и е на исто ниво со економската, политичката и судската реформа. Основа за функционално вклучување на граѓаните во економскиот живот на државата се програмите со нивните интегративни механизми за социјална помош. Преку тие програми и позитивна социјална политика, државата обезбедува пристап до ресурсите, врши промоција на вработувањето преку политика за намалување на невработеноста, а со самото тоа и делува на интензивирањето на  економскиот раст.

Постконфликтната трансформација во процесот на градење на мирот е всушност процес на создавање на нови политички и економски содржини, како и социјална трансформација на општеството.[6]

"*Социјална политика е начинот на кој државата ги дефинира и ги исполнува своите одговорности кон своите граѓани во областите како што се помош за сиромашни, невработени и инвалидско осигурување, социјални услуги и старосни пензии*"(Woodward 1995b). Горенаведените прашања во дефиницијата се всушност и дел од причините за започнување на конфликт со фатални последици во една држава.

Еден од основачите на студијата за социјална политика, Ричард Титмус тврдеше дека социјалната политика има за цел да биде "корисна, редистрибутивна и зафатена со економски и неекономски цели"

Меѓутоа, социјалните програми кои во себе содржат етнички димензии и етничка припадност може да доведат до зајакнување на поделбите во постконфликтното општество и може да бидат основа за обновување на веќе изгаснатиот конфликт и повторување на насилствата.

Генерално под процесот на градење на мирот се подразбира надворешни интервенции кои имаат за цел политичка, економска и социјална трансформација на една држава и намалување на ризикот дека истата држава повторно ќе се врати во конфликт.

Постојат различни агенции кои користат широк спектар на програми кои помагаат во градењето на мирот на различни локации во светот. Тоа се Обединетите Нации преку своите органи Секретаријатот, специјализираните агенции, меѓу кои е и УНЕСКО, за чија улога и придонес во процесот на градење на мирот ќе се посветам во наредниот наслов; а не помалку значајни се и европските организации и земјите-членки.

---

[6] Castles, S. (2001) 'Studying Social Transformation' International Political Science Review / Revue internationale de science politique, Vol. 22, No. 1, Management of Social Transformations. Gestion des transformations sociales (Jan., 2001), pp. 13-32, Sage Publications, Ltd.

## 2. Придонесот на Организацијата на Обединетите Нации и УНЕСКО кон одржливо градење мир

Организацијата на Обединетите Нации е меѓународна организација која што е основана во 1945 година. Составена е од 193 земји-членки. Мисијата и работата на Обединетите нации се водени од целите и принципите кои што се содржани во основачката Повелба на самата организација.

Генералното собрание е составено од 193 членки, а секоја членка е примена на препорака на Советот за безбедност на Обединетите Нации.

Главните органи на ООН се:

- Генералното собрание,
- Советот за безбедност,
- Економскиот и социјалниот совет,
- Советот за доверителство,
- Меѓународниот суд на правдата и
- Секретаријатот на ОН.

Горенаведените главни органи на ООН се основани во 1945 година, истата година кога беше основана и самата Организација на Обединети Нации. ООН како систем во себе содржи и мноштво на фондови, програми и специјализирани агенции, сите со свое членство, лидерство и буџет. Специјализирани агенции се легално независни меѓународни организации со свои правила, членство, органи и финансиски ресурси, а воедно и секоја од нив има посебно дејствување и индивидуална корпоративна култура.

Помеѓу позначајните се: Меѓународниот Монетарен Фонд (ММФ), Светската Банка, Светската Трговска Организација, Светската Туристичка Организација, Организација за индустриски развој на Обединетите Нации, Програмата за развој на Обединетите Нации, Фоднот за деца на Обединетите Нации, како и најзначајната во однос на моето истражување Организацијата за образование, наука и култура на Обединетите Нации ( УНЕСКО ).

*"Одразувајќи ја својата основна намена, да се конструира заштитата на мирот во умовите на луѓето, културата на мирот бара образованието да биде главното средство за остварување на оваа задача. Ова вклучува не само формално образование во училиштата, туку и неформално образование во целиот спектар на социјални институции, вклучувајќи го и семејството и медиумите". (УНЕСКО, 1998)*

Процесот на градење на мирот и целокупна социјална трансформација го вклучува и образовниот систем како една од важните алатки во процесот на обнова. Сето тоа и дава можноста на една држава значително да го реформира својот образовен систем со цел едукација на населението за заштита на мирот, оспособување на населението со најразлични вештини, а сето тоа како еден вид на алатка за социјално помирување.

Во тоа мировно образование јасно треба да се дефинира поимот мир и кој модел на соживот би бил најприменлив во конкретната држава во процесот на градење на мирот во едно постконфликтно општество. Во самиот процес на градење на мирот, задолжително мора да се обнови образовниот систем и образовните програми.

Програмите на УНЕСКО веќе долго време ја препознаваат вредноста и релевантноста на социјалната инклузија во обезбедувањето на оддржлив и правичен развој на општеството, преку промовирање на борбата за родова еднаквост, заштита на човековите права и слободи и борба против секаков вид на дискриминација.

Овие определби се основен столб и на Агендата за одржлив развој 2030 година на ООН, а особено се изразени и во милениумските цели (MDG). Покрај тоа, преку програмата за управување со социјални трансформации (МОСТ), УНЕСКО ја конектираше и промовираше идејата за подобрување на развојната политика преку разбирањето и примената на социјалната инклузивност.

### 2.1 Улогата и придонесот на УНЕСКО на глобално ниво

*"УНЕСКО ги има сите квалификации за да донесе интелектуален и хуманистички одговор на глобализацијата и на економската криза: знаеме дека културата и уметноста, науката, образованието, комуникацијата и знаењето се вистински вредности кои ја формираат суштината на човештвото." - Irina Bokova, Director-General (2009-2017)*

Организација на Обединетите нации за образование, наука и култура ( УНЕСКО) е специјализирана агенција на Обединетите Нации основана на 16ти ноември 1945 година со седиште во Париз. УНЕСКО се состои од 195 земји-членки и десет придружни членки. Зајакнувањето на темелите на одржлив развој преку воспоставување на траен и правичен мир е една од главните улоги на УНЕСКО.[7] Целта на УНЕСКО е градење на мирот преку меѓународна соработка во образованието, науката и културата. Програмите на УНЕСКО придонесуваат кон постигнување на целите за одржлив развој дефинирани во Агендата 2030 година, усвоени од Генералното собрание на ОН во 2015 година.

Мисијата на УНЕСКО е да придонесе кон градење култура на мир, искоренување на сиромаштијата, одржлив развој и меѓукултурен дијалог преку образование, наука, култура, комуникација и информации.

Стратешка улога и значење има унапредувањето на соработката во образованието, науката, културата, комуникацијата и информирањето, во време кога општествата во светот се соочуваат со нови предизвици. Стратешките ориентации се наведени во документот 37 C / 4 (2014-2021) кој е одобрен од Генералната конференција на УНЕСКО. Во самиот документ се дефинира заедничката стратешка визија за Организацијата, а истите се програмирани и буџетирани во документот 39 C / 5 (2018-2019), кој опфаќа четиригодишен

[7] Labadi, S. (2013) 'UNESCO, Cultural Heritage, and Outstanding Universal Value', UK: AltaMira Press

циклус, додека распределбата на буџетот на програмите ќе се распределува на секои две години.

УНЕСКО се состои од следните тела:

- Генералната конференција

Се состои од претставници на земјите-членки на УНЕСКО. Генералната конференција се состанува на секои две години и на неа присуствуваат сите земји членки, како и придружните членки, набљудувачите од земјите кои не се сеуште членови на УНЕСКО, а тука се и меѓувладините организации и невладините организации (НВО). Без оглед на степенот на придонес на земјата членка и на нејзината големина, секоја од нив има по еден глас. Во процесот на одлучување се рамноправни. Генералната конференција ги одредува политиките и главните линии на работа на Организацијата, а притоа го утврдува и буџетот на организацијата и нејзините програми. Генералната конференција на УНЕСКО го именува на секои четири години Генералниот директор на организацијата, а воедно и врши избор на членовите на Извршниот одбор. Англискиот, кинескиот, арапскиот, шпанскиот, рускиот и францускиот јазик се работните јазици на генералната конференција.

- Извршен одбор

Во зависност од географското потекло и културната различност, за време на Генералната конференција на УНЕСКО, се избираат 58 членови на Извршниот одбор. Запазувањето на балансот на регионите во процесот на избор на членовите на извршниот одбор често е предмет на вешти преговори, но како главна цел е запазување на одразот на универзалност на самата организација.

Извршниот одбор се состанува двапати годишно. Тој ја подготвува работата на Генералната конференција и следи дали одлуките донесени за време на конференцијата се правилно спроведени и имплементирани. Главни документи од каде произлегуваат одговорностите и функциите на Извршниот одбор се Уставот, директивите и правилата утврдени и донесени од Генералната

конференција. Останатите функции на Извршниот одбор произлегуваат од Договорите склучени помеѓу Обединетите Нации и УНЕСКО, меѓувладините организации и останатите специјализирани агенции и организации на Обединетите нации. На секои две години Генералната конференција му доделува конкретни задачи на Одборот.

- Секретаријат

Секретаријатот се состои од генерален директор и персонал. Извршен шеф на Организацијата е Генералниот директор, чија основна задача е изработка и формулација на предлози и активности кои би се спровеле преку Генералната конференција и Извршниот одбор. Генералниот директор на УНЕСКО изготвува нацрт-програма за две години и буџет, за чие спроведување откако ќе биде официјално одобрена, задолжен е персоналот на Секретаријатот. УНЕСКО има околу од 2.000 вработени од 170 земји. Според сегашната политика за децентрализација, 870 лица персонал кои работат во 65 канцеларии и институти ширум светот.

УНЕСКО е дел од системот на ООН и тесно соработува со широк спектар на регионални и национални организации. Околу 350 невладини организации (НВО) ги одржуваат официјалните односи со УНЕСКО и стотици други соработуваат со Организацијата за конкретни проекти.

Мотото на УНЕСКО *"Променете го размислувањето, не климата"* не само што ја нагласува итноста за справување со климатските промени од поширока перспектива, туку исто така истакнува дека етиката е во срцето на ова прашање.

Овој процес на менување на менталитетот и размислувањата започнува со тоа како ги едуцираме сегашните и идните генерации, како го мериме економскиот успех и генерално како ја градиме јавната свест и јавната политика во однос на ова прашање.

Етичката и социјалната димензија во нашиот избор и одлуката за раст и развој лежат во сржта на оваа промена. Од суштинско значење е нашата одлука за тоа во какво општество сакаме да живееме и каков вид на свет и општество сакаме да пренесеме и оставиме на идните генерации. Затоа освен на индивидуалните

избори, етичноста и менувањето на размислувањата и менталитетот, голема е потебата и од менување на размислувањто и одлуките во однос на економските и политичките теми и вредности.

Се поставува прашањето: Кои вредности ќе ги избереме во нашите економски, политички и индивидуални избори? Во какво општество сакаме да живееме и каков вид на свет сакаме да пренесеме на идните генерации?

Преку интегрирање на етичката димензија во политиките за климатските промени ние ќе можеме подобро да одговориме на предизвиците и подобро да ги планираме нашите активности во процесот на борба со климатските промени, како и да бидеме подготвени и да планираме актиности со цел да одговориме на негативните влијанија од климатските промени.

УНЕСКО ја интегрира етичката димензија преку носење и имплементирање на Декларацијата за етички принципи на УНЕСКО во врска со климатските промени.

Декларацијата за етички принципи на УНЕСКО во врска со климатските промени свечено ја изразува загриженоста на земјите-членки на УНЕСКО дека климатските промени би можеле да создадат морално неприфатлива штета и неправда.

Околу 195 држави се приклучија на Декларацијата за етички принципи на УНЕСКО во врска со климатските промени на 13 ноември 2017 година, кога се состанаа во Париз на 39-тата седница на Генералната конференција на УНЕСКО. Тие повикаа глобалните партнери да се мобилизираат околу овие принципи.

Оваа Декларација поставува кратка листа на глобално договорените етички принципи кои треба да го водат процесот на донесување одлуки и креирање политики на сите нивоа и да помогнат да се мобилизираат луѓето за справување со климатските промени. Етичките насоки на оваа Декларација на УНЕСКО треба да ги надополнат другите мултилатерални напори на државите, вклучително и преговарачките обврски според Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени и научните проценки организирани од Меѓувладиниот панел за климатски промени.

Меѓу другото, новата декларација се залага дека "спречувањето на штетата" е еден од важните етички принципи во врска со климатските промени. За да се усогласат со тоа, луѓето треба да се стремат кон "предвидување, избегнување или минимизирање на штетите, каде и да се појават, од климатските промени, како и од политиките и активностите за ублажување и адаптирање на климата".

Меѓу другите етички принципи, еден е исклучиво зачење а тој е принципот за *научно знаење и интегритет во одлучувањето*. Принципот вели дека одлуките треба да се засноваат и да бидат водени од најдоброто расположливо знаење од природните и општествените науки, како и дека државите треба да преземат мерки кои ќе помогнат во заштитата и одржувањето на независноста на науката и интегритетот на научниот процес.

Други идентификувани етички принципи се: солидарност, одржливост, правда и еднаквост и пристап на претпазливост.

Покрај етичката димензија, климатските промени се исто така сеопфатен општествен предизвик. Разбирањето и одговорот на климатските промени на тој начин бара силен придонес од општествените и хуманите науки.

Со цел да се одговори на климатските промени од таква перспектива, УНЕСКО, преку својата програма за управување со социјални трансформации (МОСТ), работи на поттикнување на одржливата наука. Со други зборови, тоа е науката која се занимава со одржливост и која помага да се подобри разбирањето на комплексните физички, биолошки и социјални системи. Одржливата наука помага во делот на подобрувањето на социјалните способности за разбирање и преземање на акција. Позитивната и трансформативната адаптација кон климатските промени исто така бара инклузивна и партиципативна политика на национално ниво, како и во регионите, градовите и провинциите. МОСТ програмата работи со своите засегнати страни, да се надградува врз база на знаење за социјални и човечки науки и да ги договори политичките агенди, да го поддржи развојот и проценката на политиките.

Понатаму, преку својата програма за млади, УНЕСКО ја поттикнува мобилизацијата на младите луѓе, како агенти на промени, за инклузивни и одржливи социјални одговори на климатските промени. Со поддршка на градење на капацитетите на младите за да станат денешни и утрешни двигатели

на зелените економии, зелен раст и одржлив развој, целта е долгорочно да се справиме со климатските промени и да се одговори на главните грижи во врска со вработувањето и достапноста на младите, преку признавање и вклучување нивно како клучни актери во развојот на нашите општества.

Во рамките на системот на ООН постојат и ***Националните комисии*** на УНЕСКО, кои претставуваат уникатна мрежа по својата природа. Комисиите се витална конекција помеѓу УНЕСКО и граѓанското општествово преку 196 земји членки и асоцијативни држави. Тие помагаат во процесот на имплементација на многу иницијативи, предлози, обуки, кампањи за подигање на јавната свест, студии, медиумски активности и вршат увид во програмите на УНЕСКО. Значајна е и новата активност за развивање на партнерства со приватниот сектор во конкретна држава со цел обезбедување на финансиски ресурси и врвна и вредна техничка експертиза.

Значаен е и ***Институтот за статистика*** *на УНЕСКО* со седиште во Монтреал кој е основан во јули 1999 година со цел да ги задоволи растечките потреби на меѓународната заедница и на своите земји членки за релевантни статистички податоци во областа на културата, науката, технологијата, образованието и комуникацијата. Институтот е примарен и официјален извор во процесот на дефинирање и имплементирање на целите поврзани со образованието од Милениумските развојни цели и Образование за сите.

Институтот обезбедува техничка помош и обука за националните статистички институции со цел развој на нови методологии и индикатори кои би го подобриле квалитетот на нивните податоци. Податоците кои ги изработува институтот се искористени и употребени во многу меѓународни извештаи како што се Глобалниот мониторинг извештај на ЕФА, Светскиот развоен индикатор и Индикаторот за човековиот развој.

***Одделението за информации од јавен карактер*** кој што функционира во рамките на Секторот за надворешни односи и информации од јавен карактер на УНЕСКО, споделува до светските медиуми информации за приоритетите, одлуките и активностите на УНЕСКО. Самото одделение продуцира свои видеа, фотографии, филмови и изработува свои телевизиски емисии.

Одделението за информации од јавен карактер на годишно ниво произведува и дистрибуира преку 100 наслови на различни теми ширум светот на шпански, англиски и француски јазик и врши промоција на интерактивната комуникација преку веб порталот на УНЕСКО.

***Визија на УНЕСКО*** - Градењето на мирот мора да биде заснован врз меѓусебно разбирање и дијалог помеѓу страните на еден конфликт, а притоа засновајќи се врз принципот на солидарност и морал. Не секогаш акциите што ги превземаат владите се доволни за политичка и економска стабилизација на државата. Потребна е и искрена вклученост и солидарност на човештвото.[8]

Во овој дух, со цел да им се помогнме на луѓето, УНЕСКО етаблира образовни политики со цел луѓето да живеат во духот на толеранцијата и да се чуствуваат како глобални граѓани без меѓусебна омраза.

Зајакнувајќи ги врските помеѓу народите, УНЕСКО ја потенцира потребата за пристап до квалитетно образование на секој граѓанин и дете, како и активно работи на етаблирарње и имплементирање на едукативни политики. Преку промоција на културните разлики и заштита на културното наследство го заштитува достоинството на сите култури.[9]

УНЕСКО поддржува и поттикнува разни научни програми кои се основа на формирање на нови политики во разни области, а како краен производ на оваа соработка е унапредување на развојот на едно општество.

УНЕСКО ја потенцира важноста од интензивирање на развојот преку унапредување на слобода на изразување, како основно право и клучен услов за демократизација на едно општество. Раководејќи со голем број на програми, го поттикнува слободниот проток на идеи, споделува знаења и им помага на

[8] UNESCO (2007) ‘Conventions, reccomendations, declarations and charters adopted by UNESCO (1948–2006), UNESCO Publishing

[9] De Beukelaer, C. (2015) ‘Globalization, Culture, and Development The UNESCO Convention on Cultural Diversity’ UK: Palgrave Macmillan

државите да ги усогласат и имплементираат меѓународните стандарди во сите области на својот систем.

Фундаменталната и основна визија на УНЕСКО е формирана како резултат на расистичкото и антисемитско насилство со кое изобилуваше светската војна.

Денес постојат нови форми на нетолеранција, закани за правта на човекот и слободите на изразување, а особено културната разновидност е нападната од отфрлањето на научните факти. Тука се гледа УНЕСКО како организација која може да даде придонес врз намалување на овие закани и со својот мандат потребно е да ги реафирмира хуманистичките мисии за наука, култура и образование.

Организацијата особено се фокусира на два глобални приоритети: Африка и родовата рамноправност.

**Африка**

*"Африка е една од двата главни приоритети на УНЕСКО. За време на мојот мандат на чело на ова Организација, јас цврсто планирам да дадам нов поттик за нашата акција во оваа насока ... Јас сум решена да најдам начини за поефикасно да се одговори на барањата на Африканската унија и Африка особено во однос на земјите кои доживеале конфликт или природна катастрофа ... " (Ирина Бокова на Самитот на Западноафриканската Економска и монетарна унија Бамако, Мали, 20 февруари 2010 година)*

Како еден од најзначајните глобални приоритети, Африка е инкорпорирана во фазите на развој, имплементација и евалуација на програмите на УНЕСКО. Посебен акцент се става на улогата која ја има УНЕСКО во постконфликтните ситуации и самата обнова, рекострукција и трансформација на едно општество. Ова се спроведува преку соработка со Афричката Унија и програмата НЕПАД, во која се вклучени и 8 субрегионални афрички заедници. Самата соработка

придонесе за донесување и имплементаија на одлуки од областа на природните науки, културата и образованието. Тоа се одлуките:[10]

- Имплементација на образовната политика “Втора декада” во Африка.
- Координирани акции за заштита на афричките јазици, африканската дијаспора, како и африканската уметност, традиција и култура.
- Акционен план за активности во областа на науката и технологијата имплементиран преку мрежата “Биосфера (AfriMAB) ”
- Заеднички акции против климатските промени во Африка, како и создавање на Обсерваторија за наука со седиште во Африка.
- Креирање на африкански фонд за светско наследство и наставни програми за превенција на најразлични болести и како да се заштитат од нив.

**Родовата рамноправност**

*"Родовата еднаквост е една од ... столбовите на мојата лична визија за промовирање на "нов хуманизам" за време на мојот мандат како генерален директор” (Ирина Бокова со поддршка на Резолуцијата на Генералното собрание на ОН, јули 2010 година и формирање на нов ентитет на Обединетите нации за родова еднаквост и Јакнење на жените познати како "жени на ООН")*

Преку сите свои области на дејствување како што се образование, култура, наука, комуникација, информации и природни науки, УНЕСКО секогаш настојува да ги поддржи правата на жените и да даде голем придонес во процесот на јакнење на родовата еднаквост во светот. Како главни насоки и причини зошто УНЕСКО ја има ставено родовата рамноправност како еден од своите глобални приорити се следните:

---

[10] UN (2010) ‘The Millennium Development Goals Report 2010’, New York: United Nation

- Повеќе од половината деца кои не одат во училиште се девојки.
- Две третини од светското население кое е неписмено (796 милиони) е составено од жени.
- Три петтини од сиромашното население во светот се жени.
- Недоволна застапеност на жените во политиката и вообичаено работат на ниско платени позиции или земаат помалку од мажите, а се на иста работна позиција.
- Процентуално жените се повеќе ранливи во економски и финансиски кризи и се повеќе изложени на насилство во текот на еден вооружен конфликт.

Преку суштински програми, активности и акции УНЕСКО е силно посветена организација за имплементирање на родовата еднаквост преку Акциониот план за приоритетна родова еднаквост. Овој план има двоен пристап: првиот пристап е со најразлични иницијативи со таргетирање на мажи и жени со цел намалување на нееднаквостите специфични за родот, а вториот е со вклучување на родови аспекти во сите програми. УНЕСКО се стреми и секогаш презема активнсти за имплементирање на политиките за родова еднаквост, како во формалното така и во неформалното образование. Исто така работи и за намалување на стереотипизирање на жените и овозможување на нивен пристап во сите комуникациски системи за споделување на информации. Во деловите од светот каде постојат конфликтии и пост-конфликти подрачја, УНЕСКО бара гаранции за обезбедување на безбедна околина за работа на новинарите и медиумите.

***Цели на УНЕСКО - "Да научиме да живееме заедно"*** **-** УНЕСКО своите цели ги инкорпорира во своите стратегии и активности на дејствување, кои се базирани и се во согласност со целите на меѓународната заедница и истите се застапени и утврдени во Милениумските развојни цели (MDG) и Меѓународно прифатените развојни цели (IADG).

Како и на голем број на цели меѓу кои се следните:

- Квалитетно образование за сите и доживотно учење;
- Крирање и поддршка на научни знаења и политики за одржлив развој;
- Адресирање кон нови општествени и етички предизвици;

- Негување на културната различност, промоција на културата на мирот и меѓукултурниот дијалог;
- Градење инклузивни општества на знаење:
- Да се обезбеди платформа за дијалог, промовирање и зајакнување на процесите на демократизација, владеење на правото и почитување на човековите права:
- Промовирање на соработка помеѓу законодавните, институционалните, бизнис, академските и граѓанскитете организации;
- Зајакнување на условите потребни за мир во постконфликтен регион, имајќи предвид дека конфликтот е неспоив со демократијата и човековите права и ја намалува можноста за нивниот развој;
- Да се воспостават и зајакнат постојните истражувачки мрежи, да се спроведат истражувања и студии, да се организираат дијалози и дебати и да се формулираат препораки, стратегии и планови за дејствување во областа на демократијата и човековите права;
- Да застапува и да се обезбедува учество на граѓаните, политичките актери и другите носители на одлуки во националните процеси;
- Да ги поттикне креаторите на политиките да го промовираат учеството на жените во политичките, законодавните, социјалните, економските и културните процеси;
- Да се промовира учеството на младите во политичките, законодавните, социјалните, економските и културните процеси;
- Да се поддржи и зајакне придонесот на организациите на цивилното општество во промовирањето на демократијата и почитувањето на човековите права преку партнерства и мрежи;
- Се застапува за спроведувањето на регионалните и меѓународните инструменти во областа на демократијата и човековите права во веќе постоечките механизми.

Приоритетни теми на УНЕСКО се:

- *Образованието ги трансформира животите*

УНЕСКО е лидер во образовната политика како на глобално, така и на регионално и локално ниво. Со своите активности ги зајакнува едукативните системи насекаде во светот каде има имплементирано свои програми и ја врши едукацијата со родовата еднаквост инкорпорирана внатре како основен принцип.

Организацијата е насочена кон развој на образованието од предучилишна возраст па се до високо образование и пошироко. Темите вклучуваат човекови права, одржлив развој и родова еднаквост, развој на стручни и технички вештини и други теми.

Организацијата е единствената агенција на Обединетите нации со мандат да ги покрие сите аспекти на образованието. Според УНЕСКО преку образованието се трансформираат животите на луѓето и е во самиот центар на активностите на УНЕСКО во процесот на градење на мирот, одржлив развој, искоренување на сиромаштијата во едно постконфликтно општество.

Горенаведеното УНЕСКО го спроведува преку Програмата за глобално образование 2030 година.[11]

- *Поттикнување на слободата на изразување*

Меѓународна програма за развој на комуникација (IPDC), која го промовира медиумскиот развој базиран на знаење, е програма на УНЕСКО за давање на грантови и поддршка за слободата на изразувањето како неотуѓиво човеково право утврдено во член 19 од Универзалната декларација за човекови права.

---

[11] UNESCO (2006) ‘Teachersand educational quality: MONITORING GLOBAL NEEDS FOR 2015’, UNESCO publishing

УНЕСКО промовира политики за слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите и го поддржува независното новинарство кое се базира на саморегулаторни принципи и професионална етика.

УНЕСКО како специјализирана агенција на Обединетите нации го промовира слободниот проток на идеи и информации, поттикнува слободни, независни и плуралистички медиуми во печатена, емитувана и онлајн форма. Специфичниот мандат на УНЕСКО за спроведување на овие медиумски политики има за цел да ја зголеми слободата на изразување и придонесува за мир, одржливост, искоренување на сиромаштијата и човекови права.

- *Поттикнување на креативноста и заштита на наследството*

Креативноста н налседството се извори за заштита на идентитетот во едно нестабилно општество со нарушена економија. Градењето на плуралистички, отворени и инклузивнии просперитетни општества во денешниот меѓусебно поврзан свет ја докажува моќта на културата да ги трансформира самите општества.

Нејзините различни манифестации - од нашите негувани историски споменици и музеи до традиционалните практики и современи уметнички форми - го збогатуваат секојдневниот живот на безброј начини. Еден развој кој се темели на човекот може да доведе до трајни инклузивни резултати базирани на меѓусебно почитување и дијалог на културите.

За обезбедување на меѓународна соработка УНЕСКО ги создаде и континуирано имплементира конвенциите за култура кои обезбедуваат една глобална платформа и правна рамка за примена на холистички културен систем на владеење кој ќе биде базиран врз заштита на човековите права и слободи и почитување на заедничките вредности.

Со овие меѓународни конвенции и договори УНЕСКО настојува да даде голем придонес во заштитата на светското културно и природно наследство од суштинска важност и е доказ за постоењето на цивилизацијата.

- *Градење на општества на знаења*

Создавањето на инклузивни општества на знаење, а притоа и зајакнување на локалните заедници, УНЕСКО го обезбедува преку споделување на информации и знаење преку своите комуникациски системи. Самото знаење и самата информација имаат големо влијание врз животот на луѓето.

Заедниците на знаење се изградени врз база на 4 столба:

- слобода на изразување;
- универзален пристап до информации и знаење;
- почитување на културната и јазичната разновидност и
- квалитетно образование за сите.

Клучот за градење на мирот е универзалниот пристап до информации, а тоа несомнено ќе доведе до одржлив економски развој и унапредување на меѓукултурниот дијалог. УНЕСКО го унапредува отворениот пристап до научни информации, споделување на истите преку градење на капацитети и имплементирање на ефикасен образовен систем како отворена платформа за непроценливо и непресушно знаење, достапна за сите припадници на едно општество.

УНЕСКО пристапува кон дигитализирање на документираното наследство со цел негово презервирање и зачувување. Организацијата го охрабрува и творештвото на повеќе јазици, а сето тоа со цел промоција на локалното производство на најразлични содржини.

- *Една планета, еден Океан*

Политичките регулативи, технологијата и финансиските инструменти не секогаш се решенија за постигнување на одржлив развој во едно општество. Зачувувањето на разновидноста на животот во Земјата, зачувувањето на

океаните е клучно за опстанокот на човештвото, а тоа се постигнува со промена на начинот на кој делуваме и размислуваме.[12]

Меѓувладината океанографска комисија на УНЕСКО (МОК-УНЕСКО) преку едукација на јавноста и презентирање на нови научни сознанија за глобалните еколошки и климатски промени, настојува да промовира меѓувладина соработка со цел генерирање на знаење за природата и природните ресурси. Создадени се над 30 програми кои изобилуваат со знаења кои ќе помогнат во унапредување на заштитата на морската средина и за одржлив развој.

Одржливиот развој бара квалитетно образование и учење на сите нивоа и во сите општествени контексти. Со усвојување на Конвенцијата за заштита на светското наследство, се пристапува кон заштита на природните локалитети кои со неа добиваат меѓународно признание и автоматски достапни фондови за заштита.

УНЕСКО ја усвои и Конвенцијата за заштита на подводното културно наследство во 2001 година. Овој меѓународен договор ги поставува етичките принципи за заштита на потопеното наследство, негов третман и можност за истражување.

- *Наука за одржлива иднина*

Науката за одржлива иднина преку меѓународните научни сознанија помага за позелени општества, унапредување на социјалниот, економскиот и еколошкиот развој на едно општество. Со самото тоа придонесува и кон одржливо градење на мирот во едно постконфликтно општество. Но сепак УНЕСКО укажува и на фактот дека секоја земја потребно е да ја приоретизира науката и да инвестира во иновациите и технологиите и да развие сопствени решениа за своите проблеми. Преку тоа земјите ќе ја одиграат својата улога на меѓународната сцена и ќе допринесат до глобален одржлив развој и напредок. Општество каде луѓето имаат мотив за учество во системот на државата и да дадат свој професионален

---

[12] UNESCO Institute of education (2005) 'THE UNESCO INSTITUTE FOR EDUCATION', Review of Education (2005) 51:573

придонес во системот, е всушност општество кое дава приоритет на науката, вложува во неа и во најразличните технологии.

Всушност научното знаење за историјата на Земјата и минералните ресурси, познавањето на екосистемите и биолошката разновидност и влијанието на луѓето врз нив, се важни за процесот на управување со нашата планета, а секако се важни и за одржлива и мирна иднина.

- *Учиме да живееме заедно*

*"Не е доволно да се поврземе едни со други. Ние исто така ги споделуваме нашите решенија, нашите искуства и соништа во една голема заедница поддржана од човековите права и основни слободи". (Ирина Бокова, генерален директор на УНЕСКО Меѓународна конференција на национални комисии за УНЕСКО, Виена (Австрија), 31 мај 2012 година)*

Со цел изградба на траен мир во денешното разновидно општество, УНЕСКО ја остварува својата основна хуманистичка мисија со цел содавање на праведни и инклузивни општества преку поддршка на заедничкото работење на луѓето и интензивирање на меѓусебното разбирање.

Во време на растечки глобални закани, каде се поткопува кохезијата на едно општество, учењето да се управува со конфликти во принцип на меѓусебно разбирање е добра основа за успешна социјална трансформација на едно пост конфликтно општество исполнето со современи предизвици.

Секојдневно на различни локации во светот УНЕСКО преку своите програми интервенира за постигнување на подобро меѓусебно разбирање и успешно соочување со предизвиците на нестабилните општества. Една од најзначајните програми е Меѓувладината програма за социјална трансформација (МОСТ), како и Програмата Култура на мирот и ненасилството, кои вклучуваат иницијативи за градење на мирот, глобално граѓанство, меѓукултурен дијалог, едукација за мирот и човековите права и слободи и демократијата.

## 2.2 Улогата и придонесот на Програмата за менаџирање на социјални трансформации (МОСТ) кон одржливо градење мир

*"Неможе да зачекорите двапти во истата река"- Хераклит (535 п.н.е. - 475 п.н.е.)* ја доловува суштината на постојаноста на промените и дека промената е вечна.

Социјалната трансформација подразбира фундаментална промена во општеството, која што се случува постепено во определен временски период. Последните 25 години од дваесеттиот век беа период на брз раст во транснационалните врски и глобални процеси во скоро сите области на човечкиот живот: економија, политика, животна средина, култура, општество и меѓучовечки односи. Процеси кои доведоа до глобални и големи општествени трансформации низ целиот свет, каде националното ниво ја изгуби својата предност пред интензивната глобализација.

Некои научници тврдат дека ниту еден век во запишаната историја не доживеал толку многу социјални промени и радикални како дваесеттиот век. Терминот општествена трансформација во општествената научна литература генерално се користи за опишување на општествените промени. Студиите за социјална трансформација во која се вклучени голем број на научници и истражувачи придонесоа за интензивирање на знаењето во ова поле, кое несомнено резултираше со позитивен тек врз политичкото и општественото делување со цел заштита на националните и локалните заедници од негативните последици на глобалните промени. Всушност општествената и социјална трансформација како концепт, се однесува на промената на систематските карактеристики на едно општество. Притоа, западниот модел во современата наука не се смета за модел кој треба да се применува и имитира од останатите земји во развој и помалку развиени земји. Науката признава дека интензивните и актуелни промени во општествата несомнено создаваат криза и во старите индустриски нации.

Всушност согласно истражувањата кои ги направив не постои ништо суштинско ново за терминот "општествена трансформација". Тоа се всушност промени во општествата кои се резултат на процесот на модернизација и

индустријализација. Економскиот раст, војната, политичките пресврти несомнено се фактори кои влијаат на промената на општествата и културата.

Накратко внатрешниот развој преку подобрената администрација, индустријализација и генерален економски раст, придонесува за развој на современата капиталистичка национална држава.

Најочигледната причина зошто се повеќе општества се во процес на интензивна социјална трансформација е тоа што неговото основно начело – “континуирано проширување”, стана неприфатливо. Голем број на факти се причинители за гореспоменатото, но како еден од најважните е зголемувањето на бројот на населението и континуираната човечка активност во глобалните градови со нови пост-индустриски занимања и нивните глобални еколошки влијаниа. Доста значаен факт е и недостатокот на нови територии за колонизирање, кои би биле значајни за да се интегрираат во светската економија. Тука е и оружјето за масовно уништување како факт што претставува закана за глобално уништување.

Во современоста се почести се и новите форми на отпор, каде одредени групи на луѓе и организации одбиваат да ги прифатат универзалните западни вредности, а како значаен факт е и одбивноста кон економијата и комуникациските системи кои се почесто се организирани на глобално ниво.

Заклучокот на одредени научници и теоретичари е дека гореспоменатото на различни начини резултира со социјална и политичка криза, која влијае на сите региони и повеќето земји во светот. Научниците наведуваат дека принципот на квантитативен раст кој е базиран врз показателот БДП по глава на жител треба да се замени со квалитативен раст , поточно социјалната трансформација да биде базирана врз принципот на одржливост со одржливи средини и збогатен живот.

Стефан Касл (Stephen Castle) согласно неговото истражување публикувано во 2000 година, за социјалната трансформација го тврди следното:

1. "Социјалната трансформација влијае на сите видови на општества во развиените и помалку развиените региони, во контекст на глобализацијата на економските и културните односи, трендовите кон регионализација и појавата на различни форми на глобално владеење.

2. Глобализацијата води до нови форми на социјална диференцијација на меѓународно и национално ниво. Поларизацијата меѓу богатите и сиромашните и социјалната исклученост се проблеми кои влијаат на повеќето земји, како и на односите меѓу нив.[13]
3. Прашањето повеќе не може да се дефинира во однос на развојот, бидејќи веќе не е можно да се извлечат јасни линии меѓу развиените и неразвиените области, ниту пак да се предложи универзално прифатена цел за процесите на промени.
4. Студиите за општествена трансформација се однесуваат на различните начини на кои глобализирачките сили влијаат врз локалните заедници и националните општества со многу разновидни историски искуства, економски и социјални модели, политички институции и култури.
5. Според тоа, секоја анализа на општествената трансформација бара анализа на макросоцијалните сили и на локалните традиции, искуства и идентитети.
6. Одговорот на социјалната трансформација можеби не вклучува адаптација кон глобализацијата, туку отпор. Ова може да вклучи мобилизација на традиционалните културни и социјални ресурси, но исто така може да преземе и нови форми на "глобализација одоздола" преку транснационални организации на граѓанското општество ". (Castles, S. 2000.)

Согласно исражувањето можам да заклучам и јасно е дека социјалната трансформација е тесно поврзана со процесот на глобализација.

Попрецизна дефиниција на глобализацијата е: Процес (или сет на процеси) кој ја отелотворува трансформацијата во просторната организација на општествените односи и трансакции - проценета во однос на нивната екстензија, интензитет, брзина и генерирачки трансконтинентални или меѓурегионални

---

[13] Dijkstra, S. Geuijen, K. and De Ruijter, A. (2001) 'Multiculturalism and Social Integration in Europe', International Political Science Review / Revue internationale de science politique, Vol. 22, No. 1, Management of Social Transformations. Gestion des transformations sociales (Jan., 2001), pp. 55-83, Sage Publications, Ltd.

текови и мрежи на активност, интеракција и остварување на моќ (Held et al., 1999: 16).

Во процесот на истаржување за магистерскиот труд и прегледани повеќе книги, студии и документирани истражувања, можам да заклучам дека авторите употребуваат најразлични пристапи и се водат од неколку принципи како дел од аналитичката рамка за истражување на социјалната трансформација и општествените науки.

1. Истражувачите употребуваат *холистички* пристап - Иако истражувањата генерално се фокусираат на специфични области и теми, тие во своите студии вклучуваат анализи, регионални и глобални фактори со вклучени компоненти како што се демографските трендови, политичката економија, културните фактори, животната средина и меѓународните односи.
2. Следен е принципот на *интердисциплинарност* – Всушност една студија и истражувачка тема во областа на глобализацијата и социјалната трансформација не може да биде адекватна, доколку е во рамките на една академска дисциплина. Затоа потребно е темелно познавање на теоријата и методите од повеќе специфични општествени науки.
3. Вклучување на *анализа за системите на знаење во истражувачките рамки*. Поради се почестите прпмени во општествата во повеќе области како што се науката, технологијата и биосферата, се јавува потреба од употреба на овој принцип при формирање на истражувањата, каде што ќе се проучуваат не само модерната наука и технологија, туку и традиционалните и домородни системи на знаење. Овие традиционални системи на знаење несомнено содржат важни сознанија и искуства за специфични социјални прашања и еколошки искуства.
4. *Историска анализа* – е од витално значење за разбирање на современите култури преку искуства од минатото, како и подобро планирање и искористување на можностите во иднина.
5. *Културата и идентитетот* играат витална улога во процесите на социјалната трансформација. Политиката на идентитет ги заштитува благосостојбата и вредностите на маргинилизираните групи и често е форма на мобилизација против овие глобални тенденции и сили. Со ова

политиката се бори против појавата на дуализми помеѓу модерното и традиционалното, објективноста и субјективноста, емоцијата и рационалноста.

6. *Компаративната анализа* - често е соодветен пристап за разбирање на односот помеѓу глобалното и локалното. Со употреба на овој принцип во текот на истражувањето може да се добие сознание како исти глобални фактори продуцираат различни резултати во различни области на локално ниво, а притоа осознавајќи го и значењето на културните и историските фактори во процесот на социјалната трансформација во едно општество. Притоа од витално значење е анализата на локалните димензии, деталното разбирање на специфичноста на локалните култури и разбирање на локалните потреби.
7. Преку *партципативните методи*, обесхрабрените и маргинализирани групи можат да ги артикулираат своите потреби и интереси во едно општество. Во процесот на социјална проценка и планирање потребно е вклучување на сите социјални групи и релевантни засегнати страни.
8. Формирање на истражувачка мрежа со интернационален и интердисциплинарен карактер е најсоодветната организациска форма за истражување на социјалната трансформација на едно општество. Мрежата би придонела за релевантност на истражувањето во кое се вклучени истражувачи од голем број на области. Релевантноста се зајакнува и со вклучување на граѓанскиот сектор и граѓанските организации, заедно со креаторите на политиките во истражувачката мрежа. Како главна цел на овие истражувачки мрежи за социјална трансформација е продуцирање на знаење базирано врз практичен избор на методите и вредностите, а со цел подобрување на социјалните услови во едно општество и давање на придонес кон одржлив развој и одржлив начин на живот на населението во тоа општество.

Од најголема важност е истражувањата, документите и студиите документирани како финален производ од процесот на истражување на една истражувачка мрежа да бидат достапни до јавноста и до законодавците и креаторите на политики и генерално до самото население и граѓанското општество, со цел

развивање на дебата при некоја промена во едно општество, со цел истата да биде општо прифатена, да не продуцира конфликт и да придонесе до одржлив развој.

Креаторите на политики со цел да ги адресираат проблемите и клучните прашања со кои се соочуваат општествата ширум светот, имаат потреба од добро методолошко истражување, кое потребно е да изобилува со релевантни трансдисциплинарни податоци, кои ќе ги опфатат локалните и глобални трендови. Потребно е истражување кое ќе даде насока и наод за брз, ефективен и ефикасен позитивен исход.

Во услови на значително турбулентно време, со овој предизвик се соочи и УНЕСКО со неговите земји членки. Тоа се всушност земји кои доправа излегувале од тоталитарни режими од Источна Европа, а кои патем настојуваат да ги трансформираат своите општества со цел развој на пазарните економии и интензивна демократизација на сите области во општеството. Во тој период огромен дел од земјите членки на УНЕСКО се соочувале со мега миграција, огромен број на бегалци без идентитет и не исполнети основни услови за државјанство. Се соочуваат и со големи еколошки проблеми кои несомнено биле закана за човековото постоење.

Поради сите овие клучни причини УНЕСКО во раните 1990-ти отпочна со создавање и имплементација на Програмата за менацирање со социјалните трансформации МОСТ, која несомнено придонесува кон одржливо градење на мирот и ја потенцира улогата на УНЕСКО во процесот на социјална трансформација на општествата.

И улогата на УНЕСКО како специјализирана агенција за образование, наука и култура на Организацијата на Обединетите Нации и како интелектуален орган на системот на ООН и покрај скромното финансирање, допринесува за глобално набљудување и за рано предупредување на креаторите на политиките и на истражувачите за промените во социјалните трендови на однесувањето и општествените вредности.

Улогата на УНЕСКО во општествените науки секогаш е од големо значење. Организацијата има мандат да ги истражува политиките, ставовите и вредностите кои силно влијаат на општествените промени и врз човештвото во

целина. Бидејќи војните започнуваат во умот на луѓето, камен темелник на мандатот на УНЕСКО е да го изгради и одбрани мирот уште во умот на луѓето преку имплементација на образвание кое ќе допринесе за социјална трансформација и одржлив општествен развој.

Од огромно значењење е истражувањата од оваа социјална наука да се употребат во превентивни цели. Досега согласно истражувањата кои ги направив, генерално се применуваат откако се случила некоја катастрофа или откако се имплементирани техничките решенија измислени од страна на други експерти во кој е изоставен и не е земен во превид моментот на човечките перспективи. Сведоци сме на се поинтензивен и неизбежен пораст на нови технички иновации, чие брзо темпо законодавците и креаторите на политики се почесто неможат да го следат.

Во одделни земји, напорите на УНЕСКО обезбедуваат клучна морална и финанскиска поддршка за научниците и истаржувавжите на општествените и политичките текови, кои честопати се непопуларни и подложени на силен притисок. Истите ги истаржуваат вредностите на одредена група на луѓе носители на јавни функции, законодавци и носачи на одлуки, ја истражуваат нивната работа и ефективно и ефикасно работење, ги коментираат приоритетите на Владите во одредени држави, што несомнено придонесува и се рефлектира со промена во распределбата на ресурсите и промена на законите и политиките.

Затоа од огромно значење е поддршката што ја добиваат од УНЕСКО и несомнено би констатирал дека членството во една ваква крос-национална мрежа за научниците прави огромна и клучна разлика во однос на околностите во кои функционираат и се далеку по заштитени.

Воден од влијанието и трендовите на глобализација, светот се повеќе е во процес на големи политички и економски промени и драстични општествени трансформации.

Глобалната финансиска криза и еколошки промени резултираат со непочитување и тотално негирање на човекивите права и слободи, пораст на степенот на екстремна сиромаштија и растечки нееднаквости и дискриминација на секоја основа.

Оттука, младите жени и мажи, кои се најмногу погодени од овие промени, се главните клучни актери на општествените трансформации поради фактот што

овие трансформации ја демонстрираат потребата за иновативни решенија за оштествените промени. Трансформации кои придонесуваат за почитување на човековото достоинство, недискриминација, ненасилство и почитување на универзалните вредности на мирот.

Како крстосница на сите УНЕСКО активности во областа на социјалната трансформација, се социјалните иновации и социјалната инклузија, со посебен фокус на обесправените и ранливите и исклучените од општествените текови и промени. Програмата на УНЕСКО за менаџирање со социјални трансформации (МОСТ) и нејзиниот меѓувладин совет (IGC) се уникатни двигатели за градење на мостови помеѓу јавните политики, унапредување на холистичките иницијативи за градење на капацитети за општествени промени, како и мост помеѓу општеството и следењето на имплементирањето на тие политики во истото.

Поврзувањето на истаржувачите и нивните истражувања со креаторите на политиките, како и самата релевантност на политиката се едни од најглавните теми на МОСТ програмата, како програма со интердисциплинарен пристап. Како клучен елемент кај оваа програма е нејзиниот мандатен период и животен век од осум години и два мандатни прегледи за време на тој период, на секои четири години по еден.

МОСТ програмата се фокусира на два тематски приоритети:

- Социјалната инклузија како суштинска карактеристика за намалување на нееднаквостите, борбата против сиромаштијата и движење кон инклузивните општества, како една од клучните цели на одржливиот развој;

  и

- Социјалните трансформации кои произлегуваат од промените во животната средина, како признавање на неопходноста за справување со кризи кои се движат од намалување на природните ресурси, недостигот на храна, вода и енергија, губењето на биодиверзитетот, притисокот на забрзаната урбанизација и порастот на населението, на климатските промени и природните катастрофи. Сметајќи дека одржливиот развој има неразделни социјални и еколошки столбови, социјалните и еколошките предизвици се тесно поврзани.(www.unesco.org)

МОСТ е меѓувладина научна програма на УНЕСКО за менаџирање на социјални трансформации. Етаблирана е во месец март 1994 година и е дел од Програмата за социјални и хуманистички науки (УНС) на УНЕСКО. Програмата беше дизајнирана како истражувачка програма со цел да произведе сигурни и релевантни знаења за креаторите на политиките. Оригиналниот мандат воспостави цврста заложба за промоција на истражувањата кои беа компаративни, интернационални, интердисциплинарни и релевантни за политиката. Програмата исто така беше дизајнирана да организира и промовира меѓународни истражувачки мрежи, да даде внимание на градење на капацитетите и да воспостави база на знаења за општествените науки.[14]

Како признание за зголемената потреба за подобрување на формулирањето на политиките, МОСТ се преориентира, тематски и во модалитетите на работење. Ова беше направено како одговор на препораките што беа донесени за време на шестата седница на меѓувладиниот Совет на МОСТ (февруари 2003 година), а подоцна одобрена од Извршниот одбор на УНЕСКО на 166-тата седница. Нејзиниот нов фокус е градење силни мостови помеѓу истражувањата, политиката и практиката. Програмата промовира култура на креирање на политики базирана на докази - на национално, регионално и меѓународно ниво.

МОСТ е единствената програма на УНЕСКО која ги поттикнува и промовира истражувањата во општествените науки. Ова го става во клучна позиција во целокупната промоција на целите на УНЕСКО.

Програма дизајнирана со цел промоција на меѓународното компаративно истражување на општествените науки. Како главна заложба е поддршка на долгорочни и големи автономни истражувања и пренесување на релавантни

[14] Wiltshire, K. (2001) 'Management of Social Transformations: Introduction MOST, International Political Science Review / Revue internationale de science politique, Vol. 22, No. 1, Management of Social Transformations. Gestion des transformations sociales (Jan., 2001), pp. 5-11, Sage Publications, Ltd.

податоци до носителите на одлуки, кои би им помогнале во процесот на формирање на политиките.

МОСТ воспоставува одржливи конекции помеѓу политичките заедници и научниците, а преку објавување на најсовремени извештаи се следи работата и имплементацијата на политичките одлуки, преку обезбедување на релевантни информации и податоци за одредени теми.

Постојат три широки области во кои програмата МОСТ ја фокусира својата работа. Мултикултурните и мултиетничките општества и градови се еден од главните фокуси на оваа програма, како и начинот на управување со нив. Развивање и потенцирање на еколошките и соцајлните прашања во урбаните области, како и развивање на стратегии за управување, справување и вклучување во глобалните трендови и текови на технолошките, економските и еколошки процеси и нивното влијание врз општествениот и локалниот развој.

Значајни теми на кои се дава посебен фокус се сиромаштијата, меѓународните миграции, одржливиот развој и управувањето на национално и локално ниво.

Истражувачките проекти на МОСТ се раководени од истражувачи од повеќе земји и генерално се спроведуваат преку меѓународни и регионални мрежи. Во тие истражувачки мрежи редовно се вклучени и претставници на невладини организации, креатори на политики, градоначалници и директори кои се во перманентна комуникација со истражувачите и се главни корисници на финалните извештаи од овие истаржувачи мрежи и редовно ги имплементираат насоките од тие извештаи.

Специјализираните агенции на Организацијата на обединети нации во соработката со земјите членки, исто така ги базираат своите прокети за социјален развој врз овие извештаи и анализи.

Со цел позитивни општествени промени, клучно е подобрување на врските помеѓу знаењето и акциите, а како главни актери во градењето и подобрувањето на тие врски се граѓанските општества, владите, хуманитарните и општествени заедници со кои МОСТ работи.

Програмата МОСТ дава значајна поддршка на земјите членки во процесот на креирање на политики преку користење на знаења кои се фокусирани на

човековите потреби, а со самото тоа и врши промоција на моделот на донесување на одлуки кои се базираат на докази.

Во рамките на целите на одржливиот развој на Обединетите нации, каде се гледаат заложбите за искоренување на сиромаштијата, преку промоција на одговорно, инклузивно и ефикасно и ефективно управување, МОСТ програмата дава значителен придонес. Приоденост се забележува и во заложбата за развој на инклузивни и одржливи одговори на промените во животната средина, како и во градењето на интервентни планови и активности за глобалните приоритети на УНЕСКО: Африка и родова еднаквост.

Процесот на изработката на политиките за развојната Агендата 2030 на Обединетите нации за одржлив развој, навести значителни промени во контекстот на меѓународната соработка и на тој начин ќе се постават нови барања за меѓувладини програми како што е и програмата МОСТ. Како што е нагласено од УНЕСКО во други контексти, новата развојна агенда треба да ги зајакне капацитетите на луѓето и да ги искористи и мултиплицира преку едукација, науката, културата и комуникацијата и размената на информациите, преку што ќе се дојде до одржливи решенија.[15]

*Мисијата* на УНЕСКО како што е наведено во Среднорочната стратегија за 2014-2021 година е да придонесе кон градење на мирот, искоренување на сиромаштијата и одржлив развој и меѓукултурен дијалог за зближување на културите, како и промоција на етички принципи. Во рамките на мисијата на УНЕСКО, Програмата за менаџирање со социјалните трансформации (МОСТ) одговара на горенаведените стратешки цели, но истовремено и придонесува директно кон инклузивен општествен развој, дава придонес кон траен мир и придонесува кон одржливиот развој и искоренување на сиромаштијата и постигнување на родова еднаквост.

---

[15] UNESCO, Social and Human Sciences, About the MOST programme (http://www.unesco.org/new/en/social-and-human-sciences/themes/most-programme/about-most/)

Конкретната мисија на МОСТ е да ги поддржи земјите-членки во подобрувањето на процесите на креирање на политики кои користат научно базирано знаење фокусирано на човековите потреби и човековите права, пред се од општествените науки и хуманистичките науки.

*Визијата* на МОСТ е дефинирана со постигнување на култура на трансформациска општествена и хумана наука, кои значително ќе придонесат да политичарите во процесот на креирање на политичи одлуки користат научно докажани резултати и информации и истите се релевантни за клучните области на јавната политика Како програма за зачувување на социјалните трансформации, МОСТ ја презема водечката улога во трансформацијата на општествените науки.

Во контекст на Агендата за одржлив развој од 2030 година, главната *цел* на МОСТ е до крајот на Среднорочната стратегија на УНЕСКО 2014-2021 да ги подобри способностите на земјите-членки да генерираат политики и резултати преку автономни истражувања и сето тоа да го искористи во формулирањето на политики за постигнување на целите за општествен развој.

МОСТ програмата се раководи и со одредени *приоритети* кои несомнено ќе придонесат за социјална трансформација на едно општество. Промовирањето мирни и инклузивни општества за одржлив развој, обезбедувањето пристап до правда за сите и градење на ефикасни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа се едни од клучните приоритети на МОСТ програмата. Не помалку е значајно и постигнување на родова рамноправност, како и намалување на разликите помеѓу државите и нивно постепено изедначување.[16]

Во контекст на *операционализација* на МОСТ програмата, самите учесници во активностите на МОСТ програмата како што се најразлични истражувачи, креатори на политики и други засегнати страни, се очекува да ја зголемат вредноста во програма која помога на земјите-членки да ја организираат интеракцијата помеѓу производителите и корисниците на знаењето, истото да го

---

[16] UNESCO, UNESCODOC, Comprehensive Strategy for the MOST Programme, 2016-2021 (https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000250120)

мултиплицираат и споделат со цел полесно донесување на политички одлуки базирани на релеванти знаења.

Меѓувладиниот совет ( IGC ) со цел операционализација на МОСТ програмата ги мобилизира земјите – членки, со цел остварување на мисијата и визијата преку спроведување на горенаведените цели и приоритети, а сето тоа го остварува преку изнаоѓање на најдобрите ресурси за имплеметирање на МОСТ програмата.

МОСТ програмата се состои од три оперативни столба:

- *Истражувачкиот столб*
- *МОСТ меѓувладини форуми*
- *Поддршка на политиките и градење на капацитетите*

МОСТ Програмата е имплементирана на локално, национално, регионално и меѓународно ниво. Таа соработува со голем број на мрежи и парнери, а дел од нив се ентитети на ООН како што е: UNRISD- Институт на ОН за социјален развој. Мост програмата интензивно соработува и со разни тела во областа на општествената наука како што се: ISSC- Меѓународниот Совет за социјална наука; CODESRIA- Совет за развој на истражувања одсоцијалната наука за помош на Африка ; CLASCO- Латино Американски Совет за социјална наука; FLASCO- Латино американски факултет за социјални науки.

- ***Истражувачкиот столб-*** кој е во тесна соработка со *Научно Советодавниот Комитет*, врши вмрежување и конекција помеѓу човековите заедници и општествената наука.

Целта е поттикнување на интердисциплинарниот пристап преку распоредување на различни системи како што се *одржливата наука*, преку производство, ситематизирање и промовирање на отворен и инклузивен пристап до знаењето.

Овој столб поттикнува и развој на соодветни методи преку користење на искуства од најразлични страни, како и се залага за промоција на размена на знаењето. Промоцијата на методот за размена на знаењето и споделување на искуства помеѓу повеќе засегнати страни се врши преку публикациите на УНЕСКО: “*MOST Discussion Papers и MOST Policy Papers.*”

Научно советодавен комитет (SAC) се состои од 9 ( девет ) меѓународно признати експерти и претседателот на Меѓувладиниот Совет (IGC), кој присуствува по својство на службена должност ex-officio. Секој од деветте експерти е претставник и застапник на различна општествено научна дисциплина

Нучно советодавниот комитет функционира како постојана комисија. Неговата специфична улога е поврзана со научното советодавно истражување во врска со проектите на МОСТ, самата програмска концептуализација, како и со целокупниот стратешки развој. Членовите на SAC имаат мандат од 3 ( три ) години кој може да се обнови еднаш. Секако истите се назначуваат согласно својот придонес, експертиза и личен капацитет. Научно советодавниот комитет во процесот на своето функционирање на активности ја зема во предвид потребата од родовата еднаквост, правичната географска застапеност и принципот на неплаќање на хонорари.

- ***МОСТ меѓувладините форуми*** – им овозможуваат на земјите-членки, преку МОСТ програмата, да ги обликуваат меѓународните агенди и да развијат техничка основа и поддршка за истите.

Меѓувладини форуми на МОСТ програмата се: регионалните и суб-регионални МОСТ министерски форуми за општествен (социјален) развој, меѓувладиниот совет (IGC), раководните тела на УНЕСКО и другите форуми на ОН.

Во рамките на програмата за менацирање со социјални трансформации (МОСТ), УНЕСКО ја игра улогата на олеснувач во менацирањето на односите и активностите помеѓу министрите за социјален развој и придонесува за нивно редовно собирање на регионални и суб-регионални форуми.

Препораките на десеттата седница на Меѓувладиниот совет на МОСТ (одржана во март 2011 година, УНЕСКО, Париз, Франција) ја истакнуваат важноста од копродукција и пренесување на знаењето.

Како резултат на тоа на 12-тата сесија на Меѓувладиниот совет на Програмата за менацирање со социјални трансформации (МОСТ) одржан во период 1-2 јуни 2015 година во Париз, Франција, се донесоа 11 одлуки. Одлуката број 5 го

потврдува статусот на регионалните и суб-регионалните министерски форуми на МОСТ како основни механизми за промовирање на врската помеѓу науката и политичкото одлучување и производството на знаење и ги поттикнува земјите-членки да промовираат ефективно следење на нивните одлуки.

Во согласност со овие препораки, Форумот на министри обезбедува платформа за конструктивен дијалог помеѓу министрите, истражувачите и другите засегнати страни, кои ќе ги идентификуваат трендовите и истражувањата во конкретните социјални политики, како и празнините и приоритетите за конкретниот регион во кој се одржува министерскиот форум.[17]

Како прв институционализиран форум на министри беше форумот во Латинска Америка, одржан во 2004 година во Перу. Од 2006 година, Форумите на министри создадени во Латинска Америка се проширија на други региони. Така се создадоа форуми на мисистри на следните региони:

- Азија и Пацификот
- Јужна Азија
- Карибите,
- Централна Африка
- Земји од Источна Африка (EAC)
- Земји од  Западна Африка (ECOWAS),
- арапскиот регион
- регионот на Јужна Азија (SAARC)
- Латинска Америка

Ова е процес инициран од земјите-членки на УНЕСКО, со поддршка на Секретаријатот на МОСТ, охрабрувајќи ги поединечните земји-членки да ја започнат оваа иницијатива за создавање на регионални и суб-регионални форуми во нивните региони.

---

[17]UNESCO, Social and Human Sciences, MOST Regional and Sub-Regional Forums of Ministers of Social Development (http://www.unesco.org/new/en/social-and-human-sciences/themes/most-programme/forums/forums-of-ministers/)

Цели на Регионалните и суб-регионалните форуми на министри задолжени за социјален развој им овозможуваат на министрите да се запознаат и да ги разменат своите искуства во врска со прашањата поврзани со социјалниот развој, како и дијалог со истражувачите и другите важни засегнати страни во социјалниот развој, вклучувајќи го и системот на ОН.

Целта на овој процес е олеснување и поддршка на формулирањето на социјалната политика и зајакнување на капацитетите за интегрирано планирање на развојот. Форумот на министри е многу важен во поддршката на одговорите на земјите-членки за решавање на главните предизвици во општествената трансформација, преку креирање на политики засновани на докази.

Форумите на министри за социјален развој обезбедуваат простор за регионален дијалог на министерско ниво, со учество на социолози, со цел креирање на регионалните стратегии за социјална политика и воедно се платформа која овозможува размена на искуства и успешни практики во националните политики.

Регионалните и субрегионалените форуми на министри се можности за копродукција на знаење преку презентации и разговори меѓу неколку клучни засегнати страни, преку кои се идентификуваат недостатоците во истражувањето потребни за имплементирање на  социјалните политики во земјите и во регионот.

Главниот исход на секој МОСТ регионален форум на министри е донесување на министерска декларација. Самата декларација како писмен документ обезбедува преглед на клучните и приоритетни проблеми и политики во конкретниот регион. Во неа се дава политички препораки за следење и имплементација на социјалните политики на национално, регионално и локално ниво.

Следењето на препораките на Форумот на министри е од клучно значење за да се осигура дека политичката посветеност е реално и во пракса преточена во опипливи активности и резултати.

*Меѓувладиниот Совет на МОСТ* е составен од 35 земји-членки на УНЕСКО, избрани од Генералната конференција на УНЕСКО. Советот се свикува на секои две години и ги утврдува приоритетните области што треба да се истражат, одлучува за севкупната политика и прашања за финансирање и ги решава односите со владините органи и институции. Земји членки за периодот 2017-2019 година се следните: Франција, Турција, Чешка, Руска Федерација, Словачка, Аргентина, Костарика, Куба, Доминиканска Република, Еквадор, Авганистан, Индонезија, Малезија, Пакистан, Филипини, Шри Ланка, Тајланд, Бенин, Етиопија, Гана, Кенија, Мадагаскар, Того, Зимбабве, Обединета Република Танзанија, Бахреин, Египет, Катар, Саудиска Арабија.[18]

За време на Шестата седница на Меѓувладиниот совет на УНЕСКО, одржана во седиштето на УНЕСКО во Париз од 19 до 21 февруари 2003 година, беше препорачано:

1. Меѓувладиниот совет да добие поголема улога во управувањето, одобрување на стратегии и програми и олеснување на односите со националните истражувачки центри и креатори на политики.
2. Улогата на Бирото на Меѓувладиниот совет треба значително да се зајакне и истото да се состанува двапати годишно. Составено е од претседателот на Меѓувладиниот совет, 4 потпретседатели и еден известувач. Бирото во соработка со Научно советодавен комитет (SAC), дискутира за релевантноста на проектите што се однесуваат на социјалните прашања и ја одобрува компетентноста и експертизата на истражувачите и вклучените креатори на политиките.

- ***Поддршка на политиките и градење на капацитетите***

МОСТ програмата за развој на знаењето во најразлични контексти нуди позитивни механизми за пренесување на истражувачки докази во јавната политика и практиката. Таа усвојува широка и флексибилна идеја која вклучува разновидни пристапи за менаџирање со знаењето, како и допринесува за

[18] UNESCO, Social and Human Sciences (https://en.unesco.org/)

интеракција на различни модели од обласа на науката и јавната политика. Со цел зајакнување на капацитетите на националните истражувачки системи, истражувачките институции, како и поддршка на самите истражувачи, МОСТ програмата развива и комбинира повеќе опции на политики и механизми за градење на капацитети преку креаторите на политики во едно општество.

Во самиот процес на имплементација, таа вклучува МОСТ училишта, ги вклучува и претседавачите на одредени области за менаџирање со социјални трансформации, како и имплементира меѓународни постдипломски програми за управување со социјалните трансформации. МОСТ посветува посебно внимание на развојот на млади професионалци, кои доаѓаат од обласа на истражувачката наука, политиката или социјалната арена и обезбедува механизми за поддршка на улогата на младите професионалци во однос на иновативноста и креативноста во анализата на политиките.

Со цел осигурување дека МОСТ програмата ќе обезбеди ефективна размена на знаења, имплементирани се неколку алатки кои содржат неколку опции за поддршка на социјалните политики и градењето на капацитетите. Една од нив е и постепениот развој на училиштата МОСТ, во оние региони каде што тие ќе бидат соодветни. Фокусот се става на градење на капацитети за да се овозможи донесување на одлуки базирани на докази.

Врз база на пристапот одоздола-нагоре ( bottom-up), потребите во едно општество, кои произлегуваат од специфичните потреби во конкретни контексти, МОСТ училиштата ќе имаат приоритет да интервенираат преку практики со цел да се развие капацитетот на истражувачите, како и на капацитетот на донесувачите/креаторите на одлуки, со цел стекнатото знаење полесно да го преточат во акција, особено во земји со низок и среден економски раст. Нивната примарна цел е да поддржат долгорочен одржлив развој, во оние земји каде што недостатокот на капацитети би можел да влијае и да биде главна пречка за трансформирање на научните истражувања во акција.

Младинскиот форум ја усвои Лабораторијата за идни знаења (FKL) како иновативен и инклузивен процес кој им помага на луѓето подобро да ја разберат комплексноста на одредено прашање преку користење на претпоставки и идни предвидувања за развојот на одредени настани и активности и идни можни

резултати. Обогатени со овие информации од претпоставени идни резултати креирачите на политики се способни да носат одлуки во сегашноста кои би влијаеле на иднината.

Како битен фактор за една социјална трансформација е и самата операционализација на лабараториите за инклузивни политики со нивните три функционални компоненти:

- инклузивна клириншка куќа за политики која треба да анализира и собере значителен број на модели и практики на политики, да ги распредели и класифицира таквите податоци во соодветни квартали и да ја зајакне нивната употреба во процесот на креирањето и имплементацијата на инклузивната политика, како и во самите процеси на планирање;

- crowdsourcing платформа и платформа за ко-иновации кои ќе ја стимулираат ко-продукцијата на знаењето и неговата иновативна употреба при дизајнирањето и имплементирањето на инклузивни политики;

- градење на капацитети и технички совети за политичарите.

<u>Мониторингот и евалуацијата</u> се едни од клучните компоненти на стратешката рамка на МОСТ програмата. Истите се спроведуваат со периодична ревизија на Акциониот план од страна на Меѓувладиниот совет ( IGC) кој на раководните тела на УНЕСКО доставува комплетна анализа на ризик за различни активности на МОСТ на почетокот на секој биенален програмски циклус. Стратегијата е беше подложена и на среднорочен преглед во 2018 година, како и на финална евалуација на крајот од периодот на стратегијата 2014-2021.

Во овој процес на целосна евалуација се испитува, оценува процесот на имплементација, истакнувајќи ги предизвиците и научените лекции, а и го проценува нивото на постигнување на целите. Воедно се даваат предлози за идни проспособувања за зголемување на ефикасноста и целосно искористување на ресурсите, односно буџетските средства.

Ресурси за целосно спроведување на оваа стратгија, произлегуваат од 3 ( три) извори:

- Редовен буџет усвоен на секои две години од страна на Генералната конференција на УНЕСКО, која обезбедува финансирање на постојаниот персонал на секретаријатот и за спроведување на основните статутарни активности, вклучувајќи и состаноци на IGC и SAC.
- Вонбуџетна поддршка за УНЕСКО, обезбедена од страна на земјите-членки и од партнерските институции.
- Земјите-членки од сопствените буџети спроведуваат одредени активности од страна на стратегијата преку мобилизирање на одредени партнери за
- поддршка на стратешките акции.

Во следнита табела се прикажани планираните буџети од Акцискиот план на МОСТ 2016-2021 година.

Табела 2. Буџет за стратешките области на МОСТ програмата.

| Стратешки области на Акцискиот план МОСТ | Проценети вкупни трошоци (УСД) 2018-2021 | Проценет буџет од Редовната програма (РП) (УСД) 2018-2021 | % од вкупните трошоци поддржани од РП | Мобилизирани ресурси од земјите членки за финансирање на јазот и целите (УСД) 2018-2021 |
|---|---|---|---|---|
| Истражувачки столб | 3.230.000 | 900.000 | 27.8% | 2.330.000 |
| Меѓувладин столб (вклуќително и статутарни состаноци) | 840.000 | 380.000 | 45.2% | 460.000 |
| Столб за посредување со знаењето | 2.250.000 | 600.000 | 26.7% | 1.650.000 |
| Активности за зајакнување на националните институционални капацитети за МОСТ програмата | 350.000 | 20.000 | 5.7% | 330.000 |
| ВКУПНО | 6.670.000 | 1.900.000 | 28.5% | 4.770.000 |

Извор: Акционен план на МОСТ 2016-2021

### 2.3. Заклучни согледувања

Во процесот на разгледување и истражување на МОСТ програмата на УНЕСКО преку анализа на повеќе документи како што се Акциониот план на МОСТ 2016-2021, Стратегијата на МОСТ програмата 2016-2021, како и останати документи на УНЕСКО, воочив дека доста често се сртенуваат термините демократското градење на институциите, градењето на врските во општеството, намалувањето на предрасудите, споделувањето на власта ( power sharing), намалувањето на економските и социјалните нееднаквости, промоција на владеењето на правото, сигурносниот систем и образованието. Всушност во овој дел од мојата теза како заклучно согледување би сакал да го потенцирам придонесот кој го има МОСТ програмата на УНЕСКО во горенаведените сектори и истиот го изразувам во табела број 3, како значителен, делумен или незначителен.

Табела 3. Придонес на МОСТ програмата

| МОСТ програма на УНЕСКО | Придонес (според тематскиот опфат на приоритетите и активностите) | | |
|---|---|---|---|
| | Значителен | Делумен | Незначителен |
| Придонес кон демократско градење на институциите | ✓ | | |
| Придонес кон градење на врските во општеството | ✓ | | |
| Придонес кон намалување на предрасуди | ✓ | | |
| Споделување на власта (power sharing) | | ✓ | |
| Намалување на социјалните и економските нееднаквости | ✓ | | |
| Промоција на владеење на правото | ✓ | | |
| Реформа на сигурносниот сектор | | ✓ | |
| Образование | ✓ | | |

Всушност преку горенаведената табела ја докажувам и потенцирам генералната хипотеза на овој труд за тоа дека УНЕСКО Програмата за менаџирање на социјални трансформации (МОСТ), влијае врз клучните елементи за одржливо градење мир во постконфликтни општества. Со оваа табела правам процена на наведените приоритети и преземени активности на МОСТ програмата во однос на различни клучни елементи за грдење на мир и ги рангирам сите во делот на “значителен придонес”-како  доминантни приоритети и потреба од преземање на голем број на активности во однос на истите, со цел социјална трансформација на едно општество, во која тие би имале значителен придонес.

Програмите на УНЕСКО веќе долго време ја препознаваат вредноста и релевантноста на социјалната инклузија во обезбедувањето на одржлив и правичен развој на општеството, преку промовирање на борбата за родова еднаквост, заштита на човековите права и слободи и борба против секаков вид на дискриминација. Програмата МОСТ на УНЕСКО има значителен придонес кон демократското градење на институциите, градењето на врските во општеството, намалувањето на предрасудите, намалувањето на економските и социјалните нееднаквости, промоција на владеењето на правото и реформата на образовниот систем, како и делумно влијание и делумен придонес во делот на споделувањето на власта  ( power sharing) и во делот на спроведување на целокупната реформа на сигурносниот систем во една држава.

Овие определби се основен столб и на Агендата за одржлив развој 2030 година на ООН, а особено се изразени и во милениумските цели (MDG). Покрај тоа, преку програмата за управување со социјални трансформации (МОСТ), УНЕСКО ја конектираше и промовираше идејата за подобрување на развојната политика преку разбирањето и примената на социјалната инклузивност.

Преку Програмата за управување со социјални трансформации (МОСТ), УНЕСКО им помага на земјите-членки во подобрувањето на квалитетот на креирањето на социјалната политика, поттикнувајќи ја социјалната инклузија, како и пристапите базирани на докази, истражувања и позитивни практики и примери од другите земји-членки.

## 3.Студии на случај: МОСТ училишта и Лаборатории за инклузивни политики

### 3.1. Мост училишта

МОСТ училиштата се фокусираат на градење на капацитети кои ќе придонесат за зајакнување на компетенциите на земјите-членки, со цел на донесување одлуки базирани на докази. Тие помагаат да се развие капацитетот на истражувачите, како и допринесуваат креаторите на одлуки да го преведат знаењето во акција. Нивната примарна цел е да го поддржат долгорочниот одржлив развој во контекст каде што недостатоците во капацитетот може да бидат главна пречка за преточување на истражувањата и знаењето во акција.

Во согласност со воспоставената практика, МОСТ училиштата претставуваат настани, а не институции. Тие ја унапредуваат размената на знаења, што претставува трет оперативен столб на МОСТ стратегијата. Сесиите за обука за време на одржување на едно МОСТ училиште се засновани врз основа на барањата од долу нагоре, односно врз основа на пристапот ( bottom-up ), главно во земјите со среден и низок приход и раст.[19]

Големо влијание врз МОСТ училиштата има и културата на едно општество и самиот процес и начин на креирање на одлуки во еден политички систем. Во самиот процес на креирање на одлуки во јабвната политика, се вклучени голем број на актери, истаржувачи како и политички мрежи, кои несомнено влијаат на МОСТ училиштата. Всушност успешното посредување во знаењето не зависи само од стекнување на тематско знаење за дадени теми, туку тоа се сет на вештини кои се поврзани со научниот консензус и неговата природа, со

[19] Dijkstra, S. Geuijen, K. and De Ruijter, A. (2001) 'Multiculturalism and Social Integration in Europe', International Political Science Review / Revue internationale de science politique, Vol. 22, No. 1, Management of Social Transformations. Gestion des transformations sociales (Jan., 2001), pp. 55-83, Sage Publications, Ltd.

критичкото однесување на одредени научни наоди и истражувања, како и со разбирање на хоризонталните процеси на донесување одлуки и разбирање на комплексноста на самата наука.

МОСТ училиштата придонесуваат за зголемување на бројот на квалификувани млади професионалци од најразлични области на дејствување, како што се вработени во академија, влада и граѓанско општество. Ова е уште еден начин преку кој МОСТ помага да се зајакне процесот на истражувачката политика и нејзина примена во контекст на остварување на меѓународната агенда за развој од 2030 година.[20]

Со цел обезбедување на идентитет и конзистентност на МОСТ училиштата, самите насоки помагаат при кодирањето на основните принципи на концептот на МОСТ училиште. Самата специфичност во процесот на имплементација на едно МОСТ училиште се согледува и во фактот што во него се вклучуваат сите засегнати страни со различни и спротиставени размислувања и убедувања, притоа користејќи ги и потпирајќи се колку што е можно повеќе врз своите вештини и сопствени ресурси.

Насоките всушност го одразуваат пристапот кон "скромен дизајн на проекти" базиран врз принципи, а не правила, како и врз база на едноставност и приспособливост.

Преку овозможувањето на националните чинители да имаат клучна улога во процесот на дизајнирањето и имплементацијата на МОСТ училиштата, стратешките насоки се и повеќе од потребни, со цел да се запази и поддржи демократскиот модел на развој на капацитетите на учесниците. Несомнено тоа ќе придонесе за растечки континуитет во подобрувањето на нивото на МОСТ програмата, врз основа на заедничкото учење кое произлегува од мрежа на повеќе настани кои работат во истиот домен за градење на капацитети, во различни контексти.

[20] Vertovec, S. UNESCO (1998) ‘MOST Schools’ page 190, UNESCO Publishing

Стратешките насоки се дизајнирани да го заштитат брендот "МОСТ училишта" и да ја подобрат свеста за МОСТ програмата во рамките на УНЕСКО, но и генерално во рамките на  целокупниот систем на Организацијата на Обединети Нации ( ООН ). Тие несомнено поттикнуваат брзо ширење и размена на знаењата, обезбедување и зацврстување на квалитетот, но и ставаат акцент за национална сопственост врз истите.

Како засегнати страни  зантересирани да организираат МОСТ училиште во било која земја-членка, вообичаено се јавуваат владини субјекти, академски институции и организации од граѓанското општество.
Со цел да се задоволат различните потреби на овие групи на креатори на политики во едно општество во стратегијата за МОСТ програмата 2016-2021 се обезбедуваат три слоеви на стратешки насоки:

- основни принципи- постојат 4 принципи кои обезбедуваат основа за планирање и имплементација на МОСТ училишта ( флексибилност; висок квлаитет; забрзано ширење и размена на знаењето; национална сопственост)

- основни упатства –  постојат 8 основни упатсва кои обезбедуваат рамка која на засегнатите страни им помага да ги разберат критериумите за успех и помага во делот на идентификување на конкретната техника која треба да се употреби во овој процес.  Овие основни упатства даваат насоки за основните индикатори за успех кои треба да ги следат засегнатите страни со цел да се обезбеди конзистентноста на МОСТ училиштата.[21]

- критериуми за успех што може да се тестираат - За секое основно упатство се обезбедени критериуми за успех за тестирање на истото. Критериумите за успех всушност даваат насоки што конкретно треба да се постигне со

[21] UNESCO, Social and Human Sciences, MOST Schools, (http://www.unesco.org/new/en/social-and-human-sciences/themes/most-programme/schools/)

цел да се усогласи стандардот дефиниран во упатството. Тие се всушност еден вид на контролни механизми за очекуваните резултати.

Како што веќе напоменав претходно, во процесот на брендирањето, планирањето и превземањето на активности, МОСТ училиштата следат 4 основни принципи:

- флексибилност;
- висок квлаитет;
- забрзано ширење и размена на знаењето;
- национална сопственост

Основниот принцип – *Флексибилност,* укажува на фактот дека МОСТ училиштето секогаш треба да биде одговорно и да обработуба една област и тема на интерес. Како основни упатства во овој дел се наведуваат следните:

- да се направи план за диверзифицирани тематски училишта во рамките на заедничкиот домен на размена и ширење за знаењето. Како критериум за успех е тоа што се става посебен тематски фокус на секое МОСТ училиште, со цел одразување на специфичните потреби за ширење и размена на знаењето во национален контекст и на ниво на земја-членка. Намерата е да им се овозможи на организаторите на МОСТ училиштата *флексибилно* да одлучуваат за тематските и суб- тематските агенди на МОСТ училиштата.

- да се користи context-sensitive формат за МОСТ училиштата. Форматот на сите МОСТ училишта ги одразува културните поими и практики за специфичната област во агендата на МОСТ училиштето. Ја одразува и достапноста на локалните ресурси за обука. Намера е да им се овозможи на локалните засегнати страни да дизајнираат сопствени и *флексибилни* организациски агенди и активности во процесот на имплементација и организација на МОСТ училиштата.

Основниот принцип – *Висок квалитет*, пак укажува на фактот дека развојот на капацитетите на МОСТ училиштата, треба да бидат усогласени со научните стандарди на квалитет и со напредни светски практики за тренинзи и обуки.

Како <u>основни упатства</u> во овој дел се наведуваат следните:

- да се користи веќе докажано, ажурирано и доверливо знаење во процесот на подготовка на МОСТ училиштата. Воедно МОСТ училиштата го користат најдоброто познавање на општествените науки што може да биде соодветно за специфичните околности кои се разработуваат во училиштето. Како <u>критериум за успех</u> во овој дел е фактот што сите МОСТ училишта ги вклучуваат најсовремените партиципативни педагошки модели во своето функционирање. Намерата е да се обезбеди примена на педагошки модел во кој на учесниците им се овозможува активно градење на нови знаења и меѓусебно разбирање.

Воедно се обезбедува и можност да самите обучувачи развијат вештини и способности кои се во функција на дисеминација на знаења со цел постигнување на *висок квалитет* и запазување на високите научни стандарди.

- МОСТ училиштата треба да бидат фокусирани да понудат сеопфатна обука на учесниците. Тие обезбедуваат обука не само во училница, туку и на работно место. Обезбедуваат и вклучување на одредени менторства во работењето и поддршка во процесот на исполнување на секојдневните работни активности во пракса. Намерата е преку комбинација на различни приоди за обука кои ги надминуваат теоретските компоненти, да се овозможи *висок квалитет* на стекнати вештини кај учениците во МОСТ училиштето.

Основниот принцип – *забрзано ширење и размена на знаењето*, укажува на потребата училиштата да усвојат ескалативна стратегија за ширење и размена на знаењето. Како <u>основни упатства</u> во овој дел се наведуваат следните:

- МОСТ училиштата треба да го користат колку што е можнпо повеќе принципот ТОТ – тренинг за тренерите. Ккао битни <u>критериуми за успех</u> во овој дел се наведуваат конзистентноста, учењето и адаптивноста. Всушност приодот на ТОТ е меѓусекторска методологија што се користи во сите училишта во МОСТ и покрај нивните тематски разлики. ТОТ овозможува брза адаптивна надградба на МОСТ училиштата преку примена на најразлични искуства. Намерата е да со минимална стандардизација да овозможи функционирање во сите специфични контексти, како и да им се овозможи на организаторите на МОСТ училиштата да обезбедат заедничка основа за подобрување на колективното учење и за евентуално подобрување на самиот проект.

МОСТ училиштата се алатка за оптимизирање на искористувањето на локалните ресурси во ширењето на релевантните сознанија, со цел подобрување на јавните политики во определени области преку *брзо ширење и размена на стекнатото знаење.*[22]

Основниот принцип – *национална сопственост,* го доловува моментот на стимулација на поволностите за групите на луѓе кои егзистираат во едно општество и во една земја-членка. Како основни упатства во овој дел се наведуваат следните:

- потребно е да се осигура дека Националните комитети на МОСТ (каде што постојат) - или националните комисии за УНЕСКО (NatComs) се целосно информирани за предлози за организирање на МОСТ училиштата, кои ќе бидат во целосна согласност со националните правила и практики. Како главни критериуми за успех во овој дел се наведени институционалната одгоорност и националните програми за градење на капацитети. Намерата е да се осигура дека МОСТ училиштата нема да бидат организирани само како вежба за учење, туку како стабилен механизам кој ќе допринесе за организирано учење за специфични области од МОСТ програмата, кои се важни за една земја-членка и кои понатака во пракса ќе дадат значителна помош во процесот на донесување на одлуки, како и во креирањето на националните и јавни политики во одредени специфични области важни за економскиот раст на едно општество, како и за неговата социјална трансформација.

Евалуацијата на перформансите и успехот на МОСТ училиштата се одвиваат преку двостепен систем.

- краткорочна евалуација- се базира на оценување спроведено во секое МОСТ училиште врз партиципативната евалуација на самите учесници во истите.

[22] UNESCO, UNESCODOC, Comprehensive Strategy for the MOST Programme, 2016-2021 (https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000250120?posInSet=7&queryId=5e653d54-5d23-4540-9e35-4867a0ffa148)

- средноročна евалуација која се базира врз оценување на поединечните перформанси за секоја цел поединечно, како што се: зголемување на бројот на тренери и учество во ТОТ- тренинг за тренерите.

Методологијата на УНЕСКО за мониторинг и евалуација на перформансите и индикаторите кои се користат е утврдена во Систем за информации за стратегии, задачи и евалуација на резултатите - SISTER.[23]

### **3.1.1. МОСТ училиште во Душанбе, Таџикистан** (28 - 29 март 2019) на тема: Миграција кај младите –проблеми и решенија (Оригинален наслов: “Youth Return Migration: Problems and Research-Informed Solutions")

МОСТ училиштето кое се одржа во период 28-29 март 2019 година во просториите на информативниот центар на ООН во Руско-Таџикистанскиот словенски универзитет во Душанбе, Таџикистан е всушност првото национално МОСТ училиште кое се случува во реонот на Централна Азија.[24]

Настанаот ја разработува миграцијата како комплексен економски, политички и општествен феномен, во којшто главна улога играат компарацијата и очекуваните разлики на приходот дома и во конкретната земја, како и очекуваната веројатност за вработување во странство.

Прашањата за миграција се поставени високо на агендата и се едни од главните приоритети на властите во Таџикистан. Согласно податоците на Центарот за човекови права, младите мигранти од Таџикистан кои се на возраст од 15-24 години, претставуваат голем дел во миграцијата за работо способното население. Во меѓувреме, неопходно е да се спомене дека повеќе од половината од населението во Таџикистан се млади луѓе на возраст под 30 години.

Младите во Таџикистан и нивните семејства, се соочија со комплексни проблеми, кои бараа големо внимание и брзи решенија од владините власти.

[23] UNESCO, UNESCODOC, MOST action plan 2016-2021 (https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000247282?posInSet=4&queryId=545788f7-1fd8-4a22-a295-028e0c5bff3)
[24] UNESCO, events, MOST Schools, (https://en.unesco.org/events/most-school-tajikistan-youth-return-migration-problems-and-research-informed-solutions)

Согласно добиените резултати од истражувањата се утврди дека, младите не се заинтересирани да добијат стручно или техничко образование во Таџикистан и всушност се повеќе подготвени да работат како ниско квалификувана работна сила во странство, отколку да браат квалификувана работа во сопствената земја. Некои од малкуте повратници кои се вратени во Таџикистан по стекнатото знаење и вештини во странство, се соочуваат со борба и неможност да го имплементираат стекнатото знаење и вештини во пракса. Тоа е така поради фактот што Таџикистан недостасува потребната опрема и технологија.

Истражувањата исто така говорат и за проблемот кој настанува поради долгорочното отсуство, каде вратените мигранти ги изгубија своите контакти со некои роднини, пријатели или поранешни колеги, кои потенцијално можеа да им помогнат да најдат пристојна работа. Освен тоа, младите вратени мигранти, исто така, немаат никакви финансиски можности да добијат формално стручно образование за да ги подобрат своите вештини и знаења со цел да се натпреваруваат на пазарот на трудот. Друг проблем е што секоја обука за градење на капацитети може да се препознае само преку формален образовен систем, а сите вештини стекнати неформално остануваат целосно непризнаени, спречувајќи ги младите вратени мигранти да влезат на пазарот на трудот и да најдат работа со пристојни плати и месечни приходи.

Покрај тоа, забраната за влез во Руската Федерација, административните казни и недостатокот на соодветни работни услови и услови за живеење со кои се соочуваат младите мигранти на трудот во странство, имаат негативно влијание врз нивното ментално здравје. Затоа, нивната успешна реинтеграција во нивните семејства и општество е многу важна задача за нивниот понатамошен социо-економски развој, што може да помогне да се спречат да бидат маргинализирани, изолирани, радикализирани и вклучени во криминал.

Врз основа на горенаведените факти и резултати од сеопфатни истаржувања во Таџикистан, МОСТ училиштето ќе обезбеди простор за колективно учење помеѓу клучните учесници во развојот во земјата.

Тој ќе се фокусира на идентификување на недостатоците во капацитетите што постојат на национално ниво во однос на проблемите и предизвиците на

миграцијата на младото работоспособно население, истовремено разгледувајќи и нудејќи можни алтернативи за решавање на овие недостатоци.

МОСТ училиштето во Таџикистан замислено како вежба за посредување со знаење, ги собра на едно место јавните службеници, политичките чинители, академската јавност и претставниците од граѓанското општество, а имаше за цел да обезбеди основа за постојан дијалог помеѓу чинителите на јавните политики, а секако со цел намалување на миграцијата и иселувањето на младината и нејзино враќање во државата.

Всушност УНЕСКО, преку својата програма МОСТ, секогаш го координира процесот на следење на училиштата, заедно со други ентитети на ООН, национални засегнати страни и меѓународни донатори. Една од клучните цели е да се стимулираат понатамошни активности за градење на капацитети во Таџикистан, но и во другите земји каде што се случуваат овие МОСТ училишта, коишто врз основа на резултатите може да придонесат за зајакнување на националните способности во врска со развојната агенда од 2030 година, со цел социјална трансформација на општествата.

**3.1.2.МОСТ училиште во Бангког, Тајланд** (26 - 28 јануари 2018) на тема Рурална одржливост ( Оригинален наслов: “Rural Sustainability" )

МОСТ училиштето во Бангкок, Тајланд кое се одржа во период 26-28 јануари 2018 година е всушност првиот настан кој ги собра на едно место младите академици, креаторите на јавни политики и претставници на заедницата. МОСТ училиштето им овозможи да разговараат и споделат мислења и искуства со експерти од оваа обалст, во однос на истражувањата, политиката и прашања од областа на руралната одржливост во Тајланд и Југоисточна Азија.[25]

Самиот настан е предводен од Универзитетот Чулалонгкорн, под Националниот комитет за врски на тајландската МОСТ програма.

[25]UNESCO, Events, MOST Schools, ( https://en.unesco.org/events/most-school-rural-sustainability)

Програмата на МОСТ училиштето во Тајланд вклучи тридневни стручни презентации, теренско патување и дискусија за клучните прашања со кои се соочуваат руралните (претежно земјоделски) заедници во Тајланд. Учествуваа истакнати експерти од Тајланд, Австралија, Индонезија и Филипини. Дискусијата која што се разви всушност придонесе за целосно да ги испита тековните политики и како тие влијаат врз руралните заедници, истражувачките потреби и ставовите на членовите на руралната заедница.

Всушност МОСТ училиштето даде одговор на прашањето: Зошто е потребна рурална одржливост?

Со брза урбанизација во регионот на Југоисточна Азија, главните национални политики се насочени кон исполнување на потребите на урбаното население. Како резултат на тоа, руралните области се занемарени и социо-економската и просторна нееднаквост е очигледна. Во меѓувреме, урбаното ширење постепено ги брише земјоделските површини и ги претвора во предградија на брзорастечките градови и се соочуваат со изградба на големи станбени површини или индустриски капацитети. Почвата и водата како природни ресурси за земјоделско производство со забрзано темпо се уништуваат. Затоа, руралната одржливост е заедничко критично прашање во земјите од Југоисточна Азија, не само во Тајланд.

Ова МОСТ училиште има за цел да го подобри разбирањето на сложеноста на овие критични прашања за одржливоста на руралните области и да ги гради капацитетите и вештините на младите научници, истражувачи и членови на групите на граѓанското општество. Училиштето се залага за решавање на проблемите и идентификување на празнините во политиката и практиките. Покрај тоа, се обезбедува платформа за дискусија за иновативни начини на гледање на проблемите и идентификување на долгорочни решенија.

### 3.2 Лаборатории за инклузивни политики

Стремежот кон свет што е праведен и инклузивен веќе долго време е потреба на меѓународната заедница. За време на Светскиот самит кој се оддржа во Копенхаген во 1995 година на тема социјален развој, социјалната интеграција беше потврдена како дел од клучните цели на социјалниот развој. Всушност социјалната инклузија и општествената еднаквост беше ставена во самиот центар на новоусвоените цели за одржлив развој.

Меѓународна заедница се повеќе ја истакнува потребата за посилни политички интервенции со цел засилување на интеграцијата и инклузивноста во едно општество. Се залага за имплементација на нови политики преку пристапот на истражување и адресирање на тесни грла, односно недостатоците на капацитети и вештини за создавање и имплеметирање на одредени политики кои ќе допринесат за социјална икнклузивност на одредена група или поединец.

Несомнено тоа ќе се оствари преку одредување на цели и чекори кон интегрирани политички одговори и кохерентност на политиките на глобално, регионално, национално и субнационално ниво.[26]

Инклузивниот социјален развој и инклузивната политика претставуваат важни области кои го сочинуваат јадрото на меѓународните програми за развој кои придонесуваат кон остварување на социјалните цели за развој (SDG) и Агендата 2030.

*Преку инклузивни политики до социјална инклузија*

Инклузивна политика претставува рамка за јавната активност која има цел за вклучување на сите засегнати страни во процесот на креирање и испорака на инклузивни политики. Зголеменото внимание се посветува на суштинските одредби на политиката, процесот на нејзиниот дизајн и маркирањето, како и на самиот формат.

---

[26] Joint Position Paper (2004) 'CBR- A Strategy for Rehabilitation, Equalization of Opportunities, Poverty Reduction and Social Inclusion of People with Disabilities'. World Health Organization

Мулти-димензионалност и прогресивност се воочуваат во самото исклучување на еден поединец или група од одредени социјалните услуги и придобивки како што се образованието, доживотното учење, здравствена заштита, неможноста од вработување, намалување на учеството во политичкиот и граѓанскиот живот и попречување на вклученоста во одредени културните прашања, се всушност фактор кој придонесува за развивање и интензивирање на потребата од имплементирање на нови програми за социјлана трансформација и социјална инклузивност.

Затоа се даваат насоки за делување кон социјалната инклузивност како што се: континуитет во интервенциите базирани на докази и истражувања, дизајнирање на нови инструменти, вклучување на иновациите од јавниот сектор и граѓанското општество, правилна алокација на потребните ресурси и употреба на нови технологии.

Имплементирањето на инклузивните политики, има за цел подобрување на разбирањето за релационата димензија на исклучување на еден поединец или група од одредени општествени бенефити и придобивки.

Исклучувањето може да се разбере не само како позиција на релативно лишување и маргинализираност од остатокот од општеството, туку и релацијата на исклучувањето со нивниот сопствен потенцијал и стекнати вештини. За разлика од многу традиционални политички инструменти, инклузивните интервенции имаат опсег на подобрување на условите на исклучените поединци и групи и нивно повторни вклучување во општеството во однос на нивните вистински и потенцијални способности и вештини.

Признавањето дека некои групи се изложени на поголем ризик од исклучување често лежи во пресекот на повеќе сродни врски и идентитети. Кога станува збор за дизајнирање и испорака на инклузивни политики, горенаведеното бара ставање на акцент врз отстранување на ризиците и факторите кои се причина за исклученоста на одреден поединец или група, како и диференцирање, дистрибуција и насочување на инклузивните политики онаму каде што е потребно.

Маргинилазирањето, како процес и како исход сам по себе е динамичен. Тоа напредува на различни начини, во различни степени и со поинаков интензитет

и се случува на различни општествени нивоа. Овој динамичен карактер ја наметнува потребата за политички одговор преку креирање на најразлилни инклузивни политики.

Овие процеси функционираат на различни нивоа, микро (на пример, индивидуални, домаќинства), мезо (на пример, населби, заедници) и макро (т.е. национална држава и глобални региони ). Со цел намалување на маргинализираноста на повеќе нивоа, потребно е национална кохеренција и координација на вертикално и хоризонтално ниво, како и зголемување на ефикасноста во спроведувањето на инкузивните политики на регионално ниво преку ефикасна регионална соработка на сите чинители во едно општество.

Кога станува збор за инклузивните политики доста важна димензија е и партиципативноста на поединците и групите во општествените процеси и социјалната трансформација на едно општество. Всушност инклузивноста не се однесува само на учеството во процесот на гласање во еден изборен политички процес. Инклузивноста подеднакво ја опфаќа и улогата на поединците или групите во јавниот живот и активно граѓанско учество во креирањето на јавните политики. Партиципативноста во однос на инклузивните политики подразбира длабоки и значајни процедурални подобрувања на политичките процеси во една земја и активен придонес на поединецот користејќи ги својот капацитет и стекнати вештини, во процесот на социјална трасформација на едно општество.

Лабораториите за инклузивни политики на УНЕСКО се развиени и имплементирани во рамките на програмата за управување со социјални трансформации на УНЕСКО - МОСТ програмата, со примарна задача на ко-продукција на знаењето, негова размена, насочување и ширење, како и примена на истото во инклузивни политики кои ги спроведува УНЕСКО.[27]

Лабораториите за инклузивна политика всушност во себе го содржат и го третираат моментот на реалноста, но истовремено се и виртуелен механизам

---

[27] UNESCO, events, (https://en.unesco.org/events); (http://www.unesco.org/new/en/social-and-human-sciences/themes/most-programme/inclusive-policy-lab/);(https://en.unesco.org/inclusivepolicylab/)

преку кој се овозможува и дава придонес во социјалната трансформација на едно општество.

Впрочем, како дел од една лабораторија се сметаат сите активности за анализа на политиките, активностите за градење на капацитетите и вештините на населението, но и советите и искуствата од експертите и истражувачите, кои се сметаат за традиционален начин на функционирање т.е ја сочинуваат реалната компонента на една лабораторија.

Додека пак виртуелната компонента на лабораторијата овозможува поттикнување на капацитетот на политичките заедници и чинители за самоорганизирање.

Со комбинирање на овие два модалитети, лабораторијата се обидува да се одржи низ времето и да ја прошири својата работа на инклузивните политики на ефикасен начин врз сите политички чинители и заедници во еден процес на социјална трансформација.

Лабораторијата за инклузивни политики на УНЕСКО преку преточување на стекнатото знаење во инклузивни политики, има за цел да ја поддржи имплементацијата на зацртаните SDG целите за социјален развој, преку комбинација на политиките во пракса.[28]

Самото спроведување на политиките на терен, како и надополнувањето на своето делување со онлине алатките и процесите на функционирање, лабораториите за инклузивни политики на УНЕСКО го спроведуваат во 3 ( три ) насоки:

Насока 1 - операционализирање на инклузивните политики - подразбира развивање на заштитни мерки, апликации и платформи за да се операционализираат инклузивните политики и да се поддржи евалуација на сите опции.

---

[28] UNESCO (2016) 'Briefing on the UNESCO Policy lab', Meeting of the Scientific Advisory Board UNESCO MOST Programme, Paris

Насока 2 - Crowdsource знаења и експертизи - подразбира градење на екосистеми за практичари на инклузивната политика, како и овозможува ко-продикција и ширење на знаењето и поттикнување на know-how процесите за инклузивните политики.

Насока 3 – пренесување на политиката, праксата и јавната поддршка – подразбира подобрување на механизмите, моделите и капацитетите за дизајнирање и испорака на повеќе инклузивни политики и стратегии. Воедно се дава насока и за донесување на одлуки базирани на докази.

Лабораториите за инклузивни политики досега се имплементирани за следните региони: Централна Америка, Југоисточна Азија, Јужна Африка и Западна Африка.




Главните компоненти на лабораторијата за инклузивна политика се:

- <u>Клириншка куќа за инклузивни политики</u> која треба собере и анализира критичен број на модели и политички практики, да ги раздели собраните податоци во соодветни квартали и да го зголеми нивното користење во процесот на планирање и имплементирање на инклузивните политики.
- <u>Crowdsourcing и простор за иновации</u> кој ќе ја стимулира ко-продукцијата, размената и ширењето на стекнатото знаење и неговата употреба во креирање на иновативни дизајни на инклузивни политики.
- <u>Градење на капацитети и простор за технички совети</u> според кој регистрираните практичари на инклузивни политики ќе имаат можност

да користат онлине поддршка прилагодена на разни секторски и регионални потреби.

Покрај оваа глобалната рамка, лабораторија за инклузивни политики има и регионален карактер и регионални ресурси кои имаат задача да одат подлабоко во регионални анализи и да обезбедат приспособени услуги за засегнатите страни во одреден дел од светот.

Лабораториите за инклузивни политики дејствуваат во следните области:

- Земјоделство и рурален развој
- Информации и комуникации
- Групи на луѓе со одредени попречености
- Е-трансфорација и е-влада
- Економска политика/ инклузивен економски развој
- Образование и вреднување на знаењето
- Финансирање на инклузивен развој
- Родова еднаквост
- Здравство
- Инклузивен социјален развој
- Инфраструктура
- Мониторинг и евалуација
- Партиципативност
- Дизајн на политики и нивна испорака
- Намалување на разликите на секаква основа
- Намалување на сиромаштијата
- Наука, технологија и иновативни политики
- Социјална политика и социјална заштита
- Стратешко планирање
- Урбан развој
- Младински политики

### 3.2.1. Работилница за Лабораторија за инклузивна политика во Дурбан, Јужна Африка (28 - 29 јуни 2017)

УНЕСКО, во партнерство со Советот за истражување на хуманистичките науки на Јужна Африка, во период од 28-29 јуни 2017 година, во Дурбан, Јужна Африка, спроведе работилница на која се разработи Програмата за инклузивна политика на УНЕСКО. На работилницата учествуваа делегати и експерти од западна и јужна Африка.

Лабораторија за инклузивна политика на УНЕСКО е програма која работи на новите прашања околу ко-продукцијата, размената и ширењето на стекнатото знаење, како и негова примена во инклузивни политики и стратегии. Таа се обидува да го поддржи спроведувањето на глобалните цели за социјален развој, преку политика за промоција на соработката помеѓу креаторите на политики, граѓанско општество и развојни чинители во во регионите на Западна и Јужна Африка.

Главната цел на вклучувањето на УНЕСКО во оваа област е да ги поддржи своите земји-членки во јужниот и западниот дел на Африка во нивните напори за создавање повлијателни, правични и правни општества.

Всушност УНЕСКО преку оваа работилница сака да го претстави потенцијалот на лабораторијата за инклузивни политики како двигател во процесот на ревизија на политиките , како и двигател на инклузивниот развој и социјалната трансформација на Јужна Африка. Делегатите на работилницата разговараа за заедничка методологија за ревизија на политиките, како и идентификација на можностите, предизвиците и потребите на одредени поединци и групи во земјите-учеснички.

### 3.3. Национални комитети на МОСТ и негова имплементација во Република Северна Македонија

Програмата на УНЕСКО за менаџирање со социјални трансформации - МОСТ ги поттикнува земјите-членки на УНЕСКО да ги имплементираат Националните комитети на МОСТ со цел поттикнување на соработката помеѓу истражувачите, чинителите и носителите на одлуки и Програмата.

Земјите-членки се слободни да ја утврдат структурата и составот на Националниот комитет според нивните сопствени приоритети. Комитетите генерално се конституирани со поддршка на националните комисии на УНЕСКО, во согласност со Резолуцијата 13.11 од 28-та Генерална конференција. Воедно УНЕСКО дава и алтернатива и посочува дека секоја институција одговорна за националната научна политика, како што е Националниот истражувачки совет во една држава, може да биде “домаќин” на новоформираниот Национален комитет на МОСТ.

Важноста, бенефитот и придобивките од креирањето и имплементсција на инклузивните политики во сите наведени области во кој УНЕСКО делува преку своите капацитети и инструменти, како и влијанието кое би го имало тоа за целокупна социјална трансформација на Република Северна Македонија, во сите области, ја наметнува потребата од формирање на Национален Комитет на МОСТ во нашата држава.

Согласно насоките на Меѓувладиниот совет (IGC), Националната Комисија на УНЕСКО во Република Северна Македонија треба да ја превземе водечката улога во овој процес. Таа треба да обезбеди поддршка за воспоставување, зајакнување и одржливост на Националниот комитет на МОСТ. Првиот чекор ќе биде да се стекнат и да се споделат искуствата и новите најдобри практики на Националните комитети на МОСТ од другите земји-членки.[29]

Воспоставувањето на Национален комитет МОСТ во нашата држава, е чекор напред за зајакнување на системите за истражување на општествените науки. Со оглед на потенцијалот што во себе го содржат општествените науки за да се

---

[29] UNESCO, UNESCODOC, MOST National Committee guidelines, (https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000191726)

справат со доста комплексни и развојни прашања или пак да промовираат раст и иновации, треба да се стави поголем акцент на градење на капацитетите во општествените науки.

Воедно, може да се формира нов МОСТ Национален комитет врз основа на постоечка активна мрежа на истражувачи. Алтернативно, постоечкиот совет за социјална наука би можел да стане центар на новиот Национален комитет на МОСТ. А додека пак во некои случаи, ад хок структурата на комитет, може најдобро да се вклопи со цел за да ги адресира потребите во едно општество.

Користејќи го своето искуство талентираните и посветени лица се клучот за постигнување на целите на земјата преку Националниот комитет на МОСТ. Затоа, Република Северна Македонија ќе треба да размисли како да го привлече и одржи ентузијазмот на соодветни учесници, научници и истаржувачи од обалста на општествените науки, врз кои би се темелел овој се надевам иден Национален Комитет на МОСТ во Република Северна Македонија. Тоа би придонело кон полесно остварување на националните приоритети на државата. Комитетот може да го стори тоа преку, на пример, поврзување на истражувачките заедници и интернационализација на нивните мрежи, промовирање на релевантноста на истражувањата за решавање на критичните социјални прашања и надоместување на празнините во локалните истражувачки капацитети.

Ова го темелам врз основа на дел од активностите кои ги остварува еден Национален Комитет на МОСТ, како што се:

- ✓ Ја застапува потребата, Владата да инвестира во градење на капацитети за општествени науки.
- ✓ Потикнува подобрено следење и вреднување на инпутот од општествените науки.
- ✓ Ја цени предноста и силата на универзитетот во однос на истражувачките потенцијали и образовни поолитики.
- ✓ Се залага за развој на соодветна истражувачка инфраструктура во областа на општествените науки.
- ✓ Стимулира публикации на локални научници на национално и меѓународно ниво.

- ✓ Активно го поддржува развојот на истражувачките заедници, зголемување на нивните капацитети, со цел добивање на квалитетно истражување.
- ✓ Дава придонес во идентификувањето на празнините и потребите за релевантни социјални истражувања во земјата на национално или локално ниво.
- ✓ Идентификување на иновативни пристапи во општествените науки, за решавање на социјалните предизвици, национално и локално.
- ✓ Мониторинг и придонес кон јавните политики.
- ✓ Споделување на успешни практики
- ✓ Отпочнува соработка со интернационални институции од соодветни области

Како партнери на Националниот Комитет во една држава треба да бидат следните:

- Креаторите на политики (канцелариите на претседателот и премиерот, кабинетите на конкретните министри, собраниски комисии кои ги третираат овие области, државни агенции, дирекции, управи и тела, како и локалните власти )
- Научниците од областа на општествените науки кои доаѓаат од разни универзитети, факултети, образовни тела и асоцијации.
- Граѓанскиот сектор ( здруженија, асоцијации и организации од граѓанскиот сектор, комори, трговски друштва и НВО )
- Меѓународни тела и организации како што се ЕУ, ООН со неговите тела и агенции. Како и регионални Национални Комитети на МОСТ со цел организација на заеднички настани и третирање на теми од регионално значење).

Како извори на финансирање и буџетирање треба да бидат средства алоцирани од Владата и владините тела и сродни институции, научни фондации, како и од разни извори од приватниот сектор кој несомнено има интерес и бенефит од подобрувањето на националните и јвани политики во конкретните области на нивно функциуонирање.

Клучни точки кои една земја-членка треба да ги разјасни се: улогата на Националната комисија за УНЕСКО, поврзаноста со програмата МОСТ, како и мандатот на новиот Национален комитет.

Република Северна Македонија која на ден 28 јуни 1993 година официјално стана земја-членка на УНЕСКО, препорачувам да ги следи сите препораки на ООН и УНЕСКО, како и клучните пораки од МОСТ програмата за менаџирање со социјални трансформации од кои несомнено ќе има само бенефит.

Се надевам и верувам дека со скромите препораки кои ги давам во овој труд ќе придонесам во процесот на формирање на Национален Комитет на МОСТ во Република Северна Македонија, кој понатака ќе даде огромен придонес за социјалната трансформација во сите области, превземајќи ја улогата на критичен медијатор помеѓу институциите на системот. Несомнено со подобрување на капацитетот на Националниот Комитет на МОСТ во државата, ќе може да се пристапи и кон организација на МОСТ училиште од меѓународен карактер од областа на миграцијата и ислеувањето на квалитетните стручни кадри од државата, слично на примерот од МОСТ училиштето од Таџикистан кое го имам претходно наведено како пример во оваа теза.

### 3.4. Заклучни согледувања

Во процесот на истражување на МОСТ програмата на УНЕСКО и нејзините инструменти, преку анализа на повеќе документи како што се Акциониот план на МОСТ 2016-2021, Стратегијата на МОСТ програмата 2016-2021, како и останати документи на УНЕСКО во делот на МОСТ училиштата и Инклузивните лаборатории за политики на УНЕСКО, согледав дека доста често се сртенуваат термините демократското градење на институциите, градењето на врските во општеството, намалувањето на предрасудите, споделувањето на власта ( power sharing), намалувањето на економските и социјалните нееднаквости, промоција на владеењето на правото, сигурносниот систем и образованието. Всушност во овој дел од мојата теза како заклучно согледување би сакал да го потенцирам придонесот кој го имаат МОСТ училиштата и Инклузивните лаборатотии за политики на УНЕСКО во горенаведените сектори и истиот го изразувам во табела број 4, како значителен, делумен или незначителен.

Табела 4. Придонесот на МОСТ училиштата и на Инклузивните лаборатории за политики

| | **<u>Придонесот на МОСТ училиштата</u>** (според тематскиот опфат на приоритетите и активност) | | | **<u>Придонесот на Инклузивните лаборатории за политики</u>** (според тематскиот опфат на приоритетите и активност) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Значителен | Делумен | Незначителен | Значителен | Делумен | Незначителен |
| Придонес кон демократско градење на институциите | ✓ | | | ✓ | | |
| Придонес кон градење на врските во општеството | ✓ | | | ✓ | | |
| Придонес кон намалување на предрасуди | ✓ | | | ✓ | | |
| Споделување на власта (power sharing) | | ✓ | | | ✓ | |
| Намалување на социјалните и економските нееднаквости | ✓ | | | ✓ | | |
| Промоција на владеење на правото | ✓ | | | ✓ | | |
| Реформа на сигурносниот сектор | | ✓ | | | ✓ | |
| Образование | ✓ | | | ✓ | | |

Всушност преку горенаведената табела ја докажувам и потенцирам генералната хипотеза на овој труд за тоа дека УНЕСКО Програмата за менаџирање на социјални трансформации (МОСТ), влијае врз клучните елементи за одржливо градење мир во постконфликтни општества. Со оваа табела накратко правам процена на наведените приоритети и превземени активности на МОСТ

училиштата и Лабораториите за инклузивни политики на МОСТ, во однос на различни клучни елементи за грдење на мир и ги рангирам сите во делот на “значителен придонес”- како доминантни приоритети и потреба од преземање на голем број на активности во однос на постигнување на приоритетите, со цел социјална трансформација на едно општество во која истите би имале значителен придонес и улога.

Програмите на УНЕСКО веќе долго време ја препознаваат вредноста и релевантноста на социјалната инклузија во обезбедувањето на одржлив и правичен развој на општеството, преку промовирање на борбата за родова еднаквост, заштита на човековите права и слободи и борба против секаков вид на дискриминација. Согласно спроведеното истражување заклучувам дека МОСТ училиштата и Лабораториите за инклузивни политики на МОСТ имаат значителен придонес кон демократското градење на институциите, градењето на врските во општеството, намалувањето на предрасудите, намалувањето на економските и социјалните нееднаквости, промоција на владеењето на правото и реформата на образовниот систем, како и делумно влијание и делумен придонес во делот на споделувањето на власта ( power sharing) и во делот на спроведување на целокупната реформа на сигурносниот систем во една држава.

## 4.Заклучок

Врз основа на целокупното истражувањето кое го спроведов во процесот на пишувањето на магистерската теза користејќи најразлични извори на податоци, би издвоил неколку клучни факти кои ги докажуваат и објаснуваат хипотезите наведени во хипотетичата рамка на овој труд.

Би започнал со МОСТ училиштата кои имаат за цел преку политиката на стекнување на знаења базирани на докази, да помогнат во процесот на едукација на чинителите и креаторите на јавните политики и нивно обогатување со цел подобро да ја разберат комплексноста на инклузивните процеси, активности и политики, со цел социјална транасформација и одржлив развој на општеството. МОСТ училиштата на УНЕСКО влијаат врз зајакнување на клучните вештини и капацитети на институциите на системот, креаторите и чинителите на политики на национално, регионално и локално ниво, како и на младите научници, истражувачи и членови на групите на граѓанското општество. Училиштето се залага за решавање на проблемите и идентификување на празнините во политиката и практиките. Покрај тоа, се обезбедува платформа за дискусија за иновативни начини на гледање на проблемите и идентификување на долгорочни решенија преку спојување на науката и праксата, како и вршат медијација помеѓу креаторите на политики и практикантите, неопходни за градењето на одржлив мир.

Во однос пак на придонесот на лабораторијата за инклузивни политики во процесот на градење на мирот и имплементацијата на SDG целите, би можел да заклучам дека УНЕСКО сака да го претстави потенцијалот на лабараторијата за инклузивни политики како двигател во процесот на ревизија на политиките, како и двигател на инклузивниот развој и социјалната трансформација на земјите во кои делува МОСТ програмата.

Лабораторијата на инклузивни политики делува и во насока на развивање на заедничка методологија за ревизија на политиките, како и идентификација на можностите, предизвиците и потребите на одредени поединци и групи во земјите-учеснички.

Всушност тие претставуваат иновативен инструмент за влијание врз социјалниот развој и иманентните политички агенди.

Согласно спроведеното истражување заклучувам дека МОСТ Програмата на УНЕСКО заедно со МОСТ училиштата и Лабораториите за инклузивни политики на МОСТ имаат значителен придонес кон демократското градење на институциите, градењето на врските во општеството, намалувањето на предрасудите, споделувањето на власта ( power sharing), намалувањето на економските и социјалните нееднаквости, промоција на владеењето на правото, а воедно и имаат големо влијание во целокупната реформа на сигурносниот систем и образовниот систем во една држава.

УНЕСКО применува политика на нулта толеранција против сите облици на малтретирање, маргинализација и исклучување на поединци или групи од одредени процеси и политики.

Преку Програмата за управување со социјални трансформации (МОСТ), УНЕСКО им помага на земјите-членки во подобрувањето на квалитетот на креирањето на социјалната политика, поттикнувајќи ја социјалната инклузија, како и пристапите базирани на докази, истражувања и позитивни практики и примери од другите земји-членки.

МОСТ програмата секогаш го координира процесот на следење на училиштата, заедно со други ентитети на ООН, национални засегнати страни и меѓународни донатори. Една од клучните цели е да се стимулираат понатамошни активности за градење на капацитети во земјите-членки, коишто врз основа на резултатите може да придонесат за зајакнување на националните капацитети во врска со развојната агенда од 2030 година, со цел социјална трансформација на општествата.

Целта е да го подобри разбирањето на сложеноста на овие критични прашања за одредени области и да ги гради капацитетите и вештините на младите научници, истражувачи и членови на групите на граѓанското општество. Програмата преку МОСТ училиштата се залага за решавање на проблемите и идентификување на празнините во политиката и практиките. Покрај тоа, се обезбедува платформа за дискусија за иновативни начини на гледање на проблемите и идентификување на долгорочни решенија, трасферирајќи го стекнатото знаење во акција.

Всушност со ова се докажува и генералната хипотеза на овој труд за тоа дека УНЕСКО Програмата за менаџирање на социјални трансформации (МОСТ), влијае врз клучните елементи за одржливо градење мир во постконфликтни општества.

Несомнено препорачувам овие практики да се имплементираат и во Република Севрна Македонија која како членка на УНЕСКО од 28 јуни 1993 година треба да ги следи сите препораки на ООН и УНЕСКО, како и клучните пораки од МОСТ програмата за менаџирање со социјални трансформации од кои несомнено ќе има само бенефит.

Би ја повторил уште еднаш надежта и увереноста дека со скромите препораки кои ги давам во овој труд ќе придонесам во процесот на формирање на Национален Комитет на МОСТ во Република Северна Македонија, кој понатака ќе даде огромен придонес за социјалната трансформација во сите области, превземајќи ја улогата на критичен медијатор помеѓу институциите на системот.

## 5. Користена литература

Abdulqawi A. Yusuf (2007) 'Normative action in education, science and culture', UNESCO Publishing

Barnett, M. Kim, H. O'Donnell, M. Sitea, L. (2007) 'Global Governance 13 (2007), 35–58

Barraqué, B. (2011) 'Urban Water Conflicts' UNESCO publishing & CRC

Berghof Foundation (2012) 'Berghof Glossary on Conflict Transformation 20 notions for theory and practice', Berlin: Berghof Foundation Operations GmbH

Bob Deacon, Eeva Ollila, Meri Koivusalo and Paul Stubbs (2003) 'Global Social Governance'

Brigitte Rohwerder (2014)' The multilateral system's contribution to peace and security' GSDRC-Applied Knowledge Service

Brown, S. (1999) 'Education and Peacebuilding - A Preliminary
Operational Framework' CIDA

Castles, S. (2001) 'Studying Social Transformation' International Political Science Review / Revue internationale de science politique, Vol. 22, No. 1, Management of Social Transformations. Gestion des transformations sociales (Jan., 2001), pp. 13-32, Sage Publications, Ltd.

Christoph Zürcher, C. (2013) 'COSTLY DEMOCRACY Peacebuilding and Democratization after War' California: Stanford University Press

Cocozzelli, F., Chung, Paul S. (2009) 'War and Social welfare- Reconstruction after conflict' - The Role Of Social Policy in Post-Conflict Reconstruction, Chapter 1. USA: Palgrave Macmillan

Crowley, JJJ. (2001) 'The Political Participation of Ethnic Minorities', International Political Science Review / Revue internationale de science politique, Vol. 22, No. 1, Management of Social Transformations. Gestion des transformations sociales (Jan., 2001), pp. 99-121, Sage Publications, Ltd.

Crowley, J. (2012) 'Making Knowledge Work From Social Science Research to Socially Reflexive Sustainability' Report of UNESCO and the international Social Science council. Paris.

Cutillo, A. (2006) 'International Assistance to countries emerging from conflict', International Peace Academy

Darcy, J. (2004) 'Conflict and social protection: Social protection in situations of violent conflict and its aftermath', ODI

David C. Korten (1981) 'The Management of Social Transformation' Vol. 41, No. 6 (Nov. - Dec., 1981), pp. 609-618, American Society for Public Administration-ASPA

De Beukelaer, C. (2015) 'Globalization, Culture, and Development The UNESCO Convention on Cultural Diversity' UK: Palgrave Macmillan

Dijkstra, S. Geuijen, K. and De Ruijter, A. (2001) 'Multiculturalism and Social Integration in Europe', International Political Science Review / Revue internationale de science politique, Vol. 22, No. 1, Management of Social Transformations. Gestion des transformations sociales (Jan., 2001), pp. 55-83, Sage Publications, Ltd.

Duedahl, p. (2016) 'A History of UNESCO Global Actions and Impacts', USA: Palgrave Macmillan

Hainard, F. and Verschuur, C. (2001) 'Filling the Urban Policy Breach: Women's Empowerment, Grass-Roots Organizations, and Urban Governance', International Political Science Review / Revue internationale de science politique, Vol. 22, No. 1, Management of Social Transformations. Gestion des transformations sociales (Jan., 2001), pp. 33-53, Sage Publications, Ltd.

Holt, S. (2012) 'Aid, Peacebuilding and the Resurgence of War', USA: Palgrave Macmillan

Ismail, S. (1998) 'Organizing Knowledge for Environmentally and Socially Sustainable Development Environmentally and Socially Sustainable Development Series', World Bank

Joint Position Paper (2004) ‘CBR- A Strategy for Rehabilitation, Equalization of Opportunities, Poverty Reduction and Social Inclusion of People with Disabilities’. World Health Organization

Joris Voorhoeve (2007 ) ‘From War to the Rule of Law’ 19-25, Amsterdam University Press

Kuper, L. (1975) ‘RACE, SCIENCE AND SOCIETY’, UNESCO

Labadi, S. (2013) ‘UNESCO, Cultural Heritage, and Outstanding Universal Value’, UK: AltaMira Press

Langlois, A. (2013) ‘Negotiating Bioethics The governance of UNESCO’s Bioethics Programme’. Abingdon: Routledge

Lekha Sriram, C. (2011) ‘Peacebuilding and Rule of Law in Africa’ London: Routledge

Logan, W. Nic Craith, M. and Kockel, U. (2016) ‘A Companion to Heritage Studies’, UK: John Wiley & Sons, Inc.

Mac Ginty, R. (2011) ‘International Peacebuilding and Local Resistance Hybrid Forms of Peace’, USA: Palgrave Macmillan

MERRILLS, J. G. (2005) ‘International Dispute settlement’, UK: Cambridge University Press

ODI, Evidence Ideas and Change, Retrieved from https://www.odi.org/publications

OECD (2007) ‘Encouraging effective evaluation of conflict prevention and peacebuilding activities - Towards DAC Guidance’ p.22

OECD (2009) ‘Promoting pro-poor growth: Employment and social protection’

Peace Building, Introduction and thematic areas, Retrieved from http://www.peacebuildinginitiative.org/

Peirce, P. and Stubbs, P. ‘The Regeneration of War-torn Societies’, Chapter 9, Macmillan

Pouligny, B. Civil Society and Post-Conflict Peace Building http://www.ceri-sciences-po.org/cherlist/pouligny.htm

Power, C. (2015) 'The Power of Education- Education for All, Development, Globalisation and UNESCO' Singapore: Springer Science+Business Media

Ricigliano, R. (2003) 'Networks of Effective Action: Implementing an Integrated Approach to Peacebuilding', Security Dialogue Vol. 34(4): 445–462, SAGE Publications

Rijke, J. (2014) 'Delivering Change', The Netherlands: CRC Press/Balkem

Smith, Dan (2004) "Towards a Strategic Framework for Peacebuilding – Getting Their Act Together: Overview of the Joint Utstein Study of Peacebuilding", Commissioned by the Royal Norwegian Ministry of Foreign Affairs, PRIO-International Peace Research Institute, Oslo, April, p. 14.

Söderström, J. (2015) 'Peacebuilding and Ex-Combatants' Abingdon: Routledge

Susan L. Woodward, (2002) 'Economic Priorities For Peace Implementation' New York: IPA Policy Paper Series on Peace Implementation

UN (2010) 'The Millennium Development Goals Report 2010', New York: United Nation

UNDP Discussion paper, 'Local Governance, peace building and state building in post-conflict settings', UNDP

UNESCO (2007) 'Conventions, reccomendations, declarations and charters adopted by UNESCO (1948–2006), UNESCO Publishing

UNESCO (2003) 'Gender and Education for All THE LEAP TO EQUALITY', UNESCO Publishing

UNESCO (2005) 'Education for All- EFA Global Monitoring Report 2006', UNESCO Publishing

UNESCO (2007) 'Education for All- EFA Global Monitoring Report 2008', UNESCO Publishing

UNESCO (2002) 'Education for All- EFA Global Monitoring Report 2002', UNESCO Publishing

UNESCO (2004) 'Education for All- EFA Global Monitoring Report 2005', UNESCO Publishing

UNESCO (2010) 'Reaching the marginalized- Education for All- EFA Global Monitoring Report 2010', UNESCO Publishing

UNESCO (2010) 'TOMORROW TODAY', UK: Tudor Rose

UNESCO Report 'UNESCO at a glance', UNESCO Publishing

UNESCO (2006) 'Teachersand educational quality: MONITORING GLOBAL NEEDS FOR 2015', UNESCO publishing

UNESCO Institute of education (2005) 'THE UNESCO INSTITUTE FOR EDUCATION', Review of Education (2005) 51:573

UNESCO (2016) 'Briefing on the UNESCO Policy lab', Meeting of the Scientific Advisory Board UNESCO MOST Programme, Paris

UNESCO (2017) 'Summary report of five MOST schools implemented in 2015-2016

UNESCO (2016) 'Report of the Meeting of the Scientific advisory committee (SAC), Paris

UNESCO, Social and human sciences, About the MOST Programme, Retrieved from http://www.unesco.org/new/en/social-and-human-sciences/themes/most-programme/about-most/

UNESCO, Social and human sciences, MOST Schools , Retrieved from http://www.unesco.org/new/en/social-and-human-sciences/themes/most-programme/schools/

UNESCO, Inclusive Policy Lab, Retrieved from http://en.unesco.org/inclusivepolicylab/

UNESCO, Events, Retrieved from https://en.unesco.org/events

Valderrama, F. (1995) 'A History of UNESCO'. UNESCO Publishing

VAN HERK, S. (2014) 'Delivering Integrated  Flood Risk Management Governance for collaboration, learning and adaptation', The Netherlands: CRC Press/Balkem

Vertovec, S. UNESCO (1998) ‘MOST Schools’ page 190, UNESCO Publishing

Von Schorlemer, S. Peter-Tobias, S. (2012) ‘The UNESCO Convention on the Protection and Promotion of the Diversity of Cultural Expressions- Explanatory Notes’, Heidelberg: Springer

Wagner, I. Marsalek, J. Breil, P. (2008) ‘Aquatic Habitats in Sustainable Urban Water Management Science Policy and Practice’, UNESCO and Taylor & Francis The Netherlands

Walker, D. Le Masson, V. Samuels, F. UNESCO (2015) ‘An indicative review of UNESCO’s work on social inclusion’

Wells, C. (1987) ‘The UN, UNESCO and the Politics of Knowledge’, USA: Palgrave Macmillan

Wiltshire, K. (2001) ‘Management of Social Transformations: Introduction MOST, International Political Science Review / Revue internationale de science politique, Vol. 22, No. 1, Management of Social Transformations. Gestion des transformations sociales (Jan., 2001), pp. 5-11, Sage Publications, Ltd.